# Чекорење

# со

# Бог

**Шора Куету**

**Чекорење со Бог**

**Вовед........................................................................................... 3**

- **I. Три типа на луѓе.........................................................4**
- **II. Чекорење……………………………………………………………………6**
  - **1) Три етапи во животот на ходочасникот.......................7**
  - **2) Чекорењето на Евреите по излегувањето од Египет....8**
  - **3) Ходочасникот во храмот ............................................8**
  - **4) Чекорењето на Езекиел во небесното светилиште......10**
- **III. Патот на грешникот: Широкиот пат................................14**
  - **1)Каиновиот пат и заблудата на Валаам..........................15**
  - **2) Каколот: лошото друштво..........................................17**
- **IV. Собрание на подбивачите...............................................24**
- **V. Совет на безбожните......................................................26**
- **VI. Тесната врата и тесниот пат............................................30**
- **VII. Божјиот совет...............................................................39**
  - **1) Да се стави Божјиот збор во пракса............................39**
  - **2) Чекорење според Духот..............................................42**
  - **3) Ставете го бојното оружје............................................44**

**Заклучок......................................................................................51**

*ходочасник- човек кој ходочасти, чекори со Бог.

**Вовед**

Писмото ни претставува повеќе значајни Божји служители, но од нив двајца се издвојуваат помеѓу другите: Енох и Ное. Спротивно на славните херои како Мојсеј, Самсон или Давид, тие не се познати дека направиле големи чуда или извршиле големи потфати. Нивна заедничка точка? Тие чекореа со Бог. Енох беше син на Јеред, потомок на Енос, син на Сет, третиот син што Бог им го даде на Адам и Ева по смртта на Авел (Битие 4:25; Битие 5:18-25). Библијата не е многу опширна во однос на него. Сè што знаеме е дека по раѓањето на неговиот прв син Матусал, тој чекореше со Бог триста години и беше земен.

„*И Енох, живеејќи според волјата Божја, исчезна, бидејќи Бог го зеде*.“ Битие 5:24

Значи тој беше првиот човек што беше земен на начин каков што Црквата треба да го знае.

Неколку генерации подоцна, Ное ги следи стапките на неговиот предок.

„*Еве го животот на Ное: Ное беше човек праведен и непорочен во својот род; Ное живееше секогаш според волјата Божја.*“ Битие 6:9

Ное живееше во време кога опаѓањето на моралот достигна особено високо ниво. Целата земја беше во разврат, дотаму што луѓето се соединуваа со Божјите синови (ангелите кои го напуштија нивното престојувалиште според Јуда 1:6) Овој човек се издвои од средината на оваа развратна и корумпирана генерација во целост, што резултираше со благодатта што тој ја најде при Бога. Тој доби визија да направи арка благодарение на која тој и целото негово семејство беа заштитени од уништувачките води на поројот. Оваа арка е префигурација на земањето на Црквата што треба да се случи пред големото прогонство. Така, за да се избегне гневот кој надоаѓа, треба да се чекори со Бог. Но, во што точно се состои чекорењето и што тоа бара? Проучувањето на Псалм 1 ќе ни помогне да видиме појасно.

„*Блажен е оној човек, што не оди на советот безбожнички, не застанува на пат на грешници и не седи во друштво на развратници, па му омилел законот на Господа и во законот Негов дење и ноќе се поучува; тој е како дрво посадено крај воден извор, кое својот род го дава навреме, и чиј лист не вене; и во сè што прави, напредува. Но не се такви безбожниците; тие се како прав, што го растура ветар по земјата. Затоа безбожниците нема да се одржат на судот, ниту грешниците – во соборот на праведниците. Зашто Господ го знае патот на праведниците; патот, пак, безбожнички води во погибел*.“

## I. Три типа на луѓе

Словото вели дека човекот кој не оди по советот на безбожниците е благословен. Бидејќи во наше време владее голема збрканост во умовите кога станува збор за значењето на зборот благослов. Си замислуваме дека тоа нужно е синоним на материјално и финансиско богатство. Сепак според еврејскиот збор *esher*, тој најнапред означува среќа која очигледно не може да биде купена. Понатаму разбираме дека овој благослов се однесува на човек кој не оди по советот на безбожниците, туку по Божјиот совет. За каков човек станува збор овде? Писмото ни претставува три типа на луѓе што Павле ги опишува во второто и третото поглавје од неговото прво послание до коринтјаните: човек душевен, човек телесен и човек духовен. *„Душевниот човек не го прима она, што е од Божјиот Дух; за него тоа е безумство; и не може да го разбере, оти треба духовно да се испита. Духовниот, пак, човек испитува сè, а него никој не го испитува. Зашто, кој го познал умот Господов, та да го објасни? А ние имаме ум Христов.*“ 1Коринтјани 2:14-16.

**Душевен (анимален) човек**

Во грчкиот текст, именката “животно=*psuchikos*”, го означува принципот на животински живот, она што луѓето го имаат како заедничко со животните; чувствената природа е покорена на желбите и страстите. Душевниот човек живее според празнотијата на неговите мисли, бидејќи неговата интелигенција е замрачена од темнината (Ефесјани 4:17-19). Нему му е стран животот со Бог заради закоравувањето на неговото срце.

**Телесен човек**

*„Јас, браќа, не можев да ви зборувам како на духовни, туку како на телесни, како на младенци во Христа. Со млеко ве напоив, а не со јадење, оти уште не можевте да го примите, а и сега уште не можете, бидејќи уште сте телесни. И навистина, штом помеѓу вас има завист,кавга и неслога, не сте ли телесни и не живеете ли како обични луѓе?“* 1Коринтјани 3:1-3

Зборот „телесен“ доаѓа од грчкиот *sarkikos* кој означува личност која има телесна природа, што значи дека е под авторитет на животинските желби; управуван од едноставната човекова природа а не од Божјиот Дух. Телесниот човек исто така се нарекува *дете*; од грчки *nepios* што значи *дете, мало детенце, малолетник, детски, неук, неспособен*.

Апостол Павле го користи овој термин во Галатјани 4:1-3: *„Но ви велам: наследникот, додека е млад, со ништо не се разликува од робот, макар што е господар над сѐ; туку е под настојници и чувари до определениот рок од татка си. Па така и ние, додека бевме малолетни,бевме поробени од стихиите на светот“*

Како и христијаните од Коринт, многу христијани се деца. Тие немаат никакво откровение за Бог и се во незнаење што се однесува на нивниот идентитет во Христос и нивната позиција во Божјото Царство. Иако примиле многу дарови, тие сеуште имаат потреба од старатели и управители. Тие се плен за лажните пророци и алчни пастори кои го злоупотребуваат фактот што немаат никаков однос со Бог да ги искористат материјално, финансиски, емоционално и сексуално...Тие плаќаат десеток, ги носат библиите на нивните пастори, им пазарат, им помагаат дома, ги чуваат нивните деца... Наместо да му служат на Бог и Неговото Царство, тие стануваат робови на злонамерни луѓе. Тие се како Евреите кои работеа напорно за да ги изградат зградите на Фараоните во Египет. Овие христијани се владеани од делата на телото опишани во Галатјани 5:17-19, особено од натпреварувачкиот дух, завист, трка по титули...Тие не одат според Божјото Слово, туку според човечките традиции. Приврзани за земните работи и излажани од својата лакомост, тие мислат дека благословот е поврзан со материјални добра. Тие се слични на Исав кој совето право на првородство го продаде за една чорба од леќа.

*„Оти мнозина, за кои често сум ви зборувал, а сега дури и со солзи говорам, постапуваат како непријатели на крстот Христов; нивниот крај е погибел, нивниот бог – стомакот, а славата – во нивниот срам; тие мислат за земните работи.“* Филипјани 3:18-19.

**Духовен човек**

*„**Духовниот**, пак, **човек** испитува сѐ, а него никој не го испитува. Зашто, кој го познал умот Господов, та да го објасни? А ние имаме ум Христов.“* 1Коринтјани 2:15-16

Зборот „духовен“ доаѓа од грчкиот *pneumatikos* кој означува „нешто што се однесува на човечкиот ум или на рационална душа“; „дел од човекот кој е поврзан со Бог и му служи како инструмент или орган“.

*„Немојте да се прилагодувате со овој свет; туку, преобразувајте се преку обновувањето на вашиот ум, за да можете да ја дознаете која е добрата, угодна, и совршена Божја волја!.“* Римјани 12:2

Умот на духовниот човек е „обновен“, од грчкиот збор *anakainosis*: „обнова“, „обновување“, „промена кон подобро“. Како што добро вели апостол Павле, оваа обнова не се должи на *„ нѐ спаси не врз основа на праведните дела што сме ги направиле ние, туку по Својата милост, преку капењето на новораѓањето и обновувањето на Светиот Дух*, Тит 3:5)“.

Духовниот човек ги познава Христовите мисли и не дозволува да биде влијаен од начинот на размислување на светот (филозофија, религија...) ни од своето тело. Напротив тој е управуван од Божјиот Дух кој е совршен управител.

*„А кога ќе дојде Он, Духот на вистината, ќе ве упати во секоја вистина; но од Себе нема да зборува, а ќе говори што чуе, и ќе ви ја каже иднината*“Јован 16:13

Човекот воден од Бог неизбежно оди во спротивен правец, спротивно од текот на овој свет (Ефесјани 4:17-19). Во предност од своето време, тој често е сам бидејќи е неразбран и отфрлен. Духовниот човек чекори внимателно (Ефесјани 5:15-16), во милосрдност (Ефесјани 5:1-2), како дете на светлината (Ефесјани 5:8-14), на начин достоинствен за повикот што го примил (Ефесјани 4:1), во работите што Бог однапред ги подготвил за него: *„Оти ние сме Негова творба, создадени во Христа Исуса за добри дела, што Бог ги предодредил уште од порано да ги вршиме*“ (Ефесјани 2:10). Значи за одењето на овој тип на човек станува збор во Псалм 1.

## II. Чекорење

Глаголот „оди“ на грчки се изговара *peripateo*; овој поим значи „да се биде на патот “, „напредува“ или „добро да се искористат можностите“. Што се однесува до еврејскиот јазик, користи повеќе поими за да зборува за одење:

- *Arach* кој означува „талкање“, „патување“ (Судии 19:17; 2Самоил 12:2; Јов 34:8; Еремија 9:2; Еремија 14:8). Тоа не потсетува дека ходочасникот е патник и странец на земјата (1Петар 2:11).

- *Darak* што значи „гази на“. Ходочасникот е всушност повикан да гази со нозете на змии и скорпии (Судии 5:21; Лука 10:19).

- *Halak* кој означува „оди“, „начин на живот“ (Псалм 1:1).

Како и секое друго одење, христијанското одење подразбира најнапред да се има точка на тргнување и точка на стигнување (одредиште). Очигледно е дека ако една личност тргне на пат без да знае каде оди, т.е. без да има јасна визија за целта што треба да ја постигне , ризикува да залута. Бидејќи заблудата за нас христијаните претставува опасност која може да се покаже фатална (2Солуњани 2:11-12). Ходочасникот христијанин, треба да се осигура дека Бог е основата на неговата визија и да настојува да го следи за да биде сигурен дека ќе стигне на одредиштето: Новиот Ерусалим.

## 1) Три чекори во животот на ходочасникот

*„а оние кои се надеваат на Господа, ќе ја обноват силата своја: ќе кренат крилја како орли, ќе трчаат и нема да им биде тешко, ќе одат и нема да се уморат.*“ Исаија 40:31.

### Одење или тркалање

Тоа е првата етапа од животот на ходочасникот. Тој само што се обратил и запознава други христијани со кои ќе оди извесно време. Во аеронаутиката тркалање, исто така викано „такси“, е фаза која претходи на полетувањето.

### Трка

Ходочасникот преминува од етапа на тркалање во трка. Тој треба да го фати моментот кога Бог сака тој да започне вистинска трка. Оваа етапа е соодветна на влегување на писта за полетување (Евреи 12:1-2; 1Коринтјани 9:24-27).

### Лет

Во Исаија 40:31 се користени два еврејски збора кои означуваат полетување. Првиот е *alah* кој означува „качување“, „издигање“, „искачување“. Вториот, *eber*, означува „крило“ на орел или гулабица. Златниот орел, кој може да достигне 120 км/ч, е птица која лета сама а не во група. Тој ги користи воздушните струи за да се издигне што е можно повисоко. Тој узлетува и остава да го носи ветерот. Неговиот вид е седум пати попродорен од човекот (Матеј 6:22). Овој орел има само една партнерка, бидејќи е моногамен. Тој и останува верен на својата партнерка се до својата смрт. Орелот се подмладува постојано. Кога ќе остаре, се повлекува на планина, му паѓаат пердувите, го реже клунот и не се појавува се додека не му се обноват пердувите. Всушност тој живее во височините каде се храни со свежо месо и со крв: *„По твојот збор ли се издига орелот и си вие гнездо на високо? Тој живее на карпа и ноќева на врв од стрмнината и на непристапни места; оттаму ја здогледува храната: очите негови гледаат далеку; и малечкте негови пијат крв; каде што има труп, таму е и тој.”* Јов 39:30-33. Види и Јован 6:5-56.

Тој во висините се бори со неговите непријатели, змиите. Тоа значи дека ходочасникот е повикан не само да оди и трча туку и да полета кон небото со орелски крилја.

Од суштинско значење за ходочасникот е да го знае својот вистински идентитет, кој е небесен. Тој треба да разбере дека Бог го повикува да полета како орел, за да нема страв да донесува одлуки кои се за слава на Бог, дури и ако треба да биде непопуларен. Така тој нема да бара да им се допадне на луѓето туку на Бог (Галатјани 1:10) и тој ќе одбие да се здужи со оние кои имаат земна визија.

**2) Одењето на Евреите по нивното излегување од Египет**

За децата на Израел, појдовна точка беше Египет кој го симболизира светот. По жртвувањето на пасхалното јагне (Излез 12), претслика на искупителното дело исполнето од Господ на крстот (Јован 1:29; 1Коринтјани 5:7), Евреите доживееа големо ослободување од моќната рака на Јахве. Ослободени од ропството и тешката работа наметната од фараонот, слика на Сатаната, еве ги на пат за Ханаан, ветената земја. Со преминувањето на Црвеното Море, израелците направија симболично крштевање во Христос, всушност наново раѓање или раѓање одозгора (1Коринтјани 10:1-2). Потоа следува долго одење во пустината под водство на Бог лично кој го водеше неговиот народ под столб од облак дење и под огнен столб ноќе. Ова славно покажување на Божјото присуство, *schekinah*, го претсликуваше Светиот Дух кој има улога да ги води христијаните во сета виситна.

,, *Тргнувајќи од Сокхот се настанија во Етам, на крајот на пустината. Господ одеше пред нив, дење во столб од облак, за да им го покажува патот, а ноќе во столб од оган, за да им свети. Така можеа да патуваат и дење и ноќе. И не исчезнуваше од пред народот столбот од облак дење, ни огнениот столб ноќе*.“Излез 13:20-22

Секако, ова одење не беше без тешкотии и пречки, тема која ќе ја обработиме понадолу.

**3) Ходочасникот во храмот**

Шаторот беше составен од три дела: предворје, свето место и најсвето место, исто така наречено Светиња на светињите.

Предворјето беше место како голем двор во кое се наоѓаа жртвеникот и умивалникот (Излез 27:9-19). Во предворјето се пристапуваше преку една и единствена порта. Израелците кои сакаа да искупат грев или да му оддадат слава на Бог мораа да поминат

низ оваа порта со жртвата. Оваа единсвена порта беше претслика на Исус Христос кој се претстави себе си како порта на овците (Јован 10:7-9).

Одејќи напред во предворјето, ходочасникот ќе се сретне најнапред со **бронзениот жртвеник**, материјал кој го симболизира судот и осудата што Христос го поднесе наместо нас за нашите гревови. Не може да се почне христијанскиот пат со занемарување на жртвата и што таа значи. Христос веќе ја пролеа неговата крв, еднаш засекогаш, на нас е да го земеме нашиот крст и да го следиме.

Малку понатаму во предворјето, ходочасникот ќе се најде пред еден голем **бронзен мијалник** направен од огледала дадени од еврејските жени (Излез 38:8). Овие огледала го претставуваат Божјото слово кое ја открива состојбата на нашето срце (Јаков 1:23-24). Ходочасникот најнапред треба да ја знае својата духовна состојба пред да го почне чекорењето. Сместен меѓу жртвеникот и скинијта, бронзениот мијалник беше полн со вода, свештениците требаше тука да ги измијат рацете и нозете пред да принесат жртва или да влезат во скинијта (Излез 30:18-21). Во времето на законот, овој ритуал беше само за свештениците бидејќи само тие имаа право да влезат во светото место. По благодат, вистинските христијани станаа цареви и свештеници кои во Исус Христос имаат слободен пристап до светото место (Откровение 1:6; Евреи 4:16). Значи ние сме повикани исто така да се обновиме преку водата која е Божјото Слово (Ефесјани 5:26). Ова Слово, кое е живо и делотворно, дејствува над оние кои го ставаат во пракса како остар меч кој ги одвојува делата на телото и делата на Духот.

*,,Зашто Божјото Слово е живо, и делотворно, и поостро од секој меч остар од двете страни, и навлегува до разделувањето на душата и духот, на зглобовите и на мозокот; и ги суди мислите и намерите на срцето*" Евреи 4:12

Во продолжение, се влегува во скинијта, каде се сместени светото место и Светињата на светињите. Во светото место, ходочасникот од неговата десна страна ќе види **златна маса на која се сместени дванаесет леба на предложението** направени од брашно (Излез 25:23-30; Левити 24:5-9). **Овие лебови беа претслика на Христос, лебот на животот**, во целата негова чистота, и симболично повикуваа да се учествува во Господовата вечера (Лука 22:19). Всушност, со јадењето на лебот на животот, ходочасникот ја црпе потребна сила за да оди подалеку.

*„ Исус им рече: „Вистина, вистина ви велам, Мојсеј не ви даде леб од небото; а Мојот Татко ви дава вистински леб од небото. Зашто Божјиот леб е Оној, Кој слегува од небото и му дава живот на светот. Тогаш Му рекоа: „Господи, давај ни го секогаш тој леб." Исус им рече: „Јас Сум Лебот на животот; кој доаѓа при Мене нема да огладни и кој верува во Мене нема никогаш да ожедни."* Јован 6:32-35.

Сеуште во светото место, на лева страна, спроти масата на лебот на предложението се наоѓаше **свеќникот направен од злато** чии што седум светила наполнети со чисто маслиново масло  требаше да горат постојано (Излез 25:31-39; Левити 24:1-4). Уште еднаш, тука ја имаме претсликата на **Исус Христос, нашата светлина**.

,, *Твоето слово е светилка на мојата нога и светлина на мојата патека*." Псалм 119:105;

*„ Исус пак прозбори натаму, велејќи: „Јас Сум Светлината на светот; кој Ме следи, нема да оди во темнина, туку ќе ја има Светлината на Животот*."  Јован 8:12

Исто како што Евреите имаа потреба од огнен столб да им  го осветли патот во текот на ноќта, ние имаме потреба од Исусовата светлина за да ја избегнеме заблудата во светот кој е управуван од темината.

Како што не поучува параболата со десетте девојки, маслото, слика за Светиот Дух, е неопходно за добро функционирање на оваа светилка (Матеј 25:1-13). Всушност без насока од Духот, ќе ни биде невозможно да стигнеме на свадбата на Јагнето.

**Мирисниот жртвеник** се наоѓаше на крајот, пред завесата која го одвојуваше светото место од Светињата на светињите (Излез 30:1-10). Ходочасникот тука беше до самата конечна цел: ковчегот, Божјата слава. Пред да ја премине завеста беше повикан на **обожавање**.  За да стигне таму, тој веќе дал повеќе од жртва на славење, неговиот живот целосно посветен на Бог кого го сака над сѐ.

*„ Затоа ве молам, браќа, заради Божјата милост, да ги принесете вашите тела во жива, света и угодна жртва на Бога, тоа да биде ваша разумна служба*. " Римјани 12:1.

**4) Одењето на Езекиел во небесното светилиште**

Христијанското одење подразбира напредок во текот на кој одиме од слава во слава со Бог.

*„ Потоа ме одведе назад кон вратата на Домот. И ете: вода извираше под прагот на Домот, кон исток - зашто лицето на Домот беше кон исток - и водата истечуваше под десната страна на Домот, јужно од жртвеникот. Потоа ме изведе низ северната врата и ме помина наоколу по надворешниот пат кон надворешната врата што гледа кон исток. И ете, водата извираше од десната страна. Човекот тргна кон исток со јаже во раката, измери илјада лакти и ме помина преку водата, а водата ми стигнуваше до глуждовите. Таму пак измери илјада лакти и ме помина преку водата, а*

*водата беше до колена. И пак измери илјада лакти и ме помина преку водата што беше до појасот. Пак измери илјада лакти, ама таму беше поток што не можев да го поминам, зашто водата придојде та требаше да се плива: тоа беше поток што не можеше да се помине. И ме праша: „Гледаш ли човечки сине?" И ме одведе назад, на брегот на потокот*. Езекиел 47:1-6

Во овој дел Езекиел добива визија за небесното светилиште од кое излегува извор жива вода. Апостол Јован ни кажува повеќе за оваа тема.

*„ Кој верува во Мене - како што е кажано во Писмото - „од неговата внатрешност ќе потечат реки на жива вода. Тоа го рече пак за Духот, Кого ќе Го примат оние, кои веруваат во Него; зашто Духот уште не беше слезен, зашто Исус уште не беше прославен*." Јован 7:38-39.

*„ И ми покажа чиста река со вода на животот, бистра како кристал, која истекува од престолот на Бога и на Јагнето. Среде нејзината улица и од двете страни на реката: дрвото на животот, кое раѓа дванаесет плодови, кое секој месец го дава својот плод; а лисјата на дрвото се за исцелување на народите."* Откровение 22:1-2

Езекиел значи има симболочна визија за Светиот Дух во форма на река која извира од Божјиот трон. Забележете дека дрвото на животот се наводнува од овој извор, што не потсетува на човекот од Псалм 1 кој е опишан како *„дрво засадено покрај река*" (Псалм 1:3).

Напредувањето на Езекиел во водата се состои од три етапи. Најнапред тој има вода до глуждовите.

**Вода до глуждовите: ревност и одлучност**

Кога го започнуваме нашиот ôд со Господ најнапред нозете ни се намокрени до глуждовите. Имајте во предвид дека за време на првата пасха, Господ им нареди на своите деца да го јадат пасхалното јагне на следниот начин: *„ А јадете го вака: со препашана половина, **со обувки на нозете** и со стап во раката. Јадете го набрзина: тоа е Господова Пасха*." Излез 12:11). Нозете требаше да бидат обуени, што значи дека Евреите требаше да бидат подготвени и одлучни да го напуштат Египет. Бидејќи многу христијани се како жената на Лот, тргнуваат да одат, додека нивното срце е поделено. Сеуште врзани за работите од овој свет, тие не се подготвени да се откажат од својот

живот за да го следат Христос. Исто така, бидејќи постојано застануваат за да погледнат назад, завршуваат со духовна смрт (Битие 19:26).

*„ Прељубници, не знаете ли дека пријателството со светот е непријателство против Бога? И така, кој сака да му биде пријател на светот, Му станува непријател на Бога*.“ Јаков 4:4

Ако не покажеме никаква подготвеност да излеземе од светот, значи дека не сме подговтени да чекориме со Бог.

*„ Исус пак му рече: „Никој, кој ја ставил својата рака на ралото, а погледнува назад, не е достоен за Божјото Царство*.” Лука 9:62

*„ И така, стојте цврсто! Препашани со вистината преку бедрата, облечени во оклопот на правдата, обујте ги нозете со ревноста за Евангелието на мирот*!“ Ефесјани 6:14-15

**Вода до колената: обожавање**

Навлегувајќи во реката, водата се качуваше до колената. Секој пат кога Езекиел имаше визија за Божјата слава, тој паѓаше на лице. Други пред него и после него ја имале истата реакција пред објавата на Божјата слава. Обожавањето е составен дел од Божјото дете, тоа е дури и главна причина за неговото постоење.

*„ зашто нè избра во Него, пред создавањето на светот, за да бидеме свети и непорочни пред Него во љубов. Како што нè и определи однапред за да нè посини преку Исуса Христа, по благоволение на Својата волја, за да биде фалена славата на Неговата благодат, со која нè дарува во Возљубениот “* Ефесјани 1:4-6

Бог сака да биде обожаван во Дух и Вистина (Јован 4:24). Во Дух, затоа што Светиот Дух е тој кој ни го открива Бог (1Коринтјани 2:11-12). Во вистина, подразбира со искрено срце, навистина заљубено во него. Бог сака вистински обожаватели кои не си ги преклонуваат колената пред Ваал, туку му остануваат верни во сите прилики.

**Вода до половината: промена на срцето**

Евреите ја поврзуваа половината со моќта за прокреација (Битие 35:11; Излез 1:5), со срцето, со внатрешниот човек.

*„ Затоа моите бедра се полни со грчеви; ме опфаќаат болки како болките на родилката; оглувев од збунетост, ослепев од страв*.“ Исаија 21:3

*„ Јас, Господ, ги истражувам срцата и ги испитувам бубрезите, за да му дадам секому според неговото поведение, според плодот на неговите раце*.“ Еремија 17:10

Половината на ходочасникот треба да е постојано опашана со појасот на вистината (Ефесјани 6:14). Оваа вистина не е филозофско-религиозен принцип, туку самиот Исус Христос (Јован 14:6). *„ Дај ми да чујам радост и веселба, за да се зарадуваат скршените коски*!“ Псалм 51:8

Така, водата која е исто така слика за Божјото Слово, кога стигнува до половината , значи дека таа стигнала до срцето и длабоко го променила. Уште еднаш, оваа промена е последица на Божјата милост во нашите животи и директно делување на неговиот Дух. Оние кои сакаат да чекорат со Бог мора да Му дозволат Тој целосно да владее во нивните срца.

*„ Ќе ви дадам ново срце, и ќе вдахнам нов дух во вас! Ќе го извадам каменото срце од вашето тело и ќе ви дадам срце од месо. Ќе го вложам Мојот Дух во вас внатре, за да одите по Моите закони и за да ги пазите и вршите Моите наредби*.“ Езекиел 36:26-27

**Пливање во водата: Водство од духот**

Повеќе Езекиел навлегуваше во длабочината на водата, се повеќе водата го носеше. Овој тек е ветерот на Духот за кој му зборуваше Исус на Никодем: *„Ветерот дува каде што сака, и го слушаш неговиот шум, а не знаеш од каде доаѓа и каде оди. Така е со секој, кој е роден од Дух*.” (Јован 3:8).

Така, оној кој оди со Бог треба да прифати да биде носен од Духот каде што тој го носи без да се опира или да бара однапред да знае каде го носи. Патот може да ни изгледа опасен и ризичен, но ние треба да тргнеме со вера, бидејќи сѐ содејствува за добро на оние кои го љубат Бог (Римјани 8:28). Никој не може да ја види Божјата слава ако остане во својата удобност, т.е ако остане онаму каде што тој се чувствува сигурно (формализам, религиозност, итн..). Ние треба да се откажеме од контролата на животот и да му ја препуштиме целосно на Бог, Кој ќе не однесе со него на незамисливи места.

*„ Сите оние, кои ги води Божјиот Дух - тие се Божји синови.“* (Римјани 8:14). Така вистински христијанин не е оној кој отворено го бара Христос и кој редовно оди на собирите, туку оној кој се движи во Духот (Римјани 8:1). Овие христијани се навистина слободни. Тие не се повеќе робови на гревот, ни на демоните, ни на светот, ни на традицијата, ни на филозофијата, ни на религијата, ни на луѓето.

Сега кога ја видовме одредбата на срцето што треба да ја има ходочасникот, да видиме по кој пат тој треба да тргне.

## III. Патот на грешникот: Широкиот пат

Словото не учи дека луѓето имаат избор помеѓу два пата: грешниот кој води во пропаст и Божјиот кој води во живот.

*„ Блажен е човекот кој не оди по советот на нечесните, и не стои на патот на грешниците, и не седи во седиштето на потсмевачите“* Псалм 1:1

*„Влезете низ тесната врата, зашто широка е вратата и простран е патот, што водат кон пропаст, и мнозина се, кои влегуваат низ неа.“* Матеј 7:13

Бог не предупредува дека широка е вратата која води во пропаст и нејзиниот пат е простран. Она што е особено сериозно и загрижувачко е дека многумина тргнуваат по тој пат. Се разбира тоа е патот по кој тргнуваат безбожниците, следбениците на лажни религии, обожавачи на идоли и генерално сите кои не веруваат на Господ од Библијата. Но не само....

*„Не секој, што Ми вели: ‘Господи, Господи!’ ќе влезе во царството небесно, а оној, кој ја врши волјата на Мојот Татко, Кој е во небесата. Мнозина ќе Ми речат во оној ден: ‘Господи, Господи, не пророкувавме ли во Твое име; не изгонувавме ли бесови во Твое име; и не правевме ли многу чуда во Твое име? И тогаш Јас ќе им изјавам: ‘Никогаш Јас не сум ве познавал; одете си од Мене вие, кои правите беззаконие!“* Матеј 7:21-23

Преку ова предупредување Бог ни дава до знаење дека може да се најдеме на патот на пропаста и кога сме христијани. Всушност, Господ ги препознава како свои само оние кои ја извршуваат неговата волја. Бидејќи Божјата волја е да ги чуваме неговите заповеди.

*„ А ако сакаш да влезеш во животот, пази ги заповедите*!" Матеј 19:17

*„ Кој ги има Моите заповеди и ги пази, тој Ме љуби; а кој Ме љуби Мене, него ќе го љуби Мојот Татко, и Јас ќе го љубам, и ќе му се јавам Сам*." Јован 14:21

Во наше време не е ретко да се сретнат христијани кои велат *„Господе, Господе*!" иако живеат во грев. Исто така има многу деноминации, но тие не се дел од вистинската Црква која е *„столб и потпора на вистината*" (1Тимотеј 3:15). Времето е сериозно и констатацијата е особено сериозна: Не само што евангелските цркви не се целосно ослободени од штетното влијание на католицизмот, туку тие ја надминале во паганизација. Божјото Слово беше заменето со човечки заповеди и традиции кои доаѓаат директно од пеколот. Христијаните се заложници на еден пирамидален систем на чие чело владее пастор, помаган од ѓакони и старешини кои ги контролираат и најмалите дела и гестови на стадото кои одат дотаму да им кажуваат што треба да мислат. Нивните славења се грозни во очите на Господ, бидејќи тие го разгневуваат наместо да го прослават.

*„Ги мразам и ги презирам вашите празници и веќе не ми се мили вашите свечености. Кога ми принесувате паленици, вашите лебни приноси не Ми се мили, на жртвата благодарница од вашите згоени телиња и не погледнувам. Отстранете го од Мене шумот на своите песни, не сакам да ги слушам звуците на вашите псалтири. Правдата нека потече како вода, и справедливоста како силна буица. Дали Ми принесувавте жртви и приноси во пустината четириесет години, Израелев доме? Ќе го носите Сикут, својот цар, и Кеван, својот бог, ѕвездата на твоите богови, што си ги направивте за себе."* Амос 5:21-26

*„ напразно Ме почитуваат, учејќи науки, што се човечки повелби*." Марко 7:7

Тажно е да се каже, но повеќето цркви ги водат христијаните по гиблниот пат. Тие на чело имаат лажни пастори кои го управуваат стадото по Каиновиот пат и ги носат во заблудата на Валаам (Битие 4:3-15; Броеви 22:24; 31:8; Откровение 2:14).

*„Тешко ним, зашто тргнаа по Каиновиот пат, и за печалба паднаа во Валаамовата заблуда и загинаа во Кореевата буна*." Јуда 1:11

**1) Каионовиот пат и заблудата на Валаам**

Каин е симбол на сите религиозни кои мислат дека можат да му угодат на Бога со принесување на нечиста жртва и туѓ оган (човечки заповеди и традиции-види Броеви 3:4). Всушност нивното целосно непознавање на Бога ги тера да прават такви дела. Наместо да се преиспитаат и да се покајат, тие ги закоравуваат срцата и се сметаат за вистински Божји

деца. Како фарисеите кои ја барале смртта на Господа, тие се убијци, ѓаволски слуги кои не поднесуваат да ги гледаат учениците да напредуваат (Јован 8:44; 1Јован 3:12). Ако не можат да убијат физички, тие убиваат со нивниот јазик користејќи закани и заплашувања. Да, оние кои сакаат да чекорат со Бог треба да очекуваат да бидат напаѓани од христијани кои всушност ќе се покажат позлобни кон нив и од луѓето во светот.

*„Ахав и раскажа на Језавела сè што направи Илија и како ги погуби со меч сите пророци. Тогаш Језавела му испрати гласник на Илија со порака: „Боговите нека ми ги направат сите зла и нека придадат, ако утре во ова време не направам со твојот живот како што направи ти со животот на секој од нив! Тој се исплаши, стана и отиде за да си го спаси животот. Дојде во Вирсавеа, која е во Јудеја, и таму го отпушти својот момок*." 1Цареви 19:1-3

*„ И рекоа: „Ајде, да се заговориме против Еремија, зашто на свештеникот не може да му го снема Законот, ни на мудриот советот, ни на пророкот беседата. Ајде, да го удриме со јазикот и да внимаваме будно на секој негов збор*." Еремија 18:18

Што се однесува до Валаам, тој ги претставува сите оние кои порано биле во Христос и кои се заведени од богатството и почестите што Сатаната им ги понудил (Матеј 4:8-9). Само што тие немаат намера сами да одат во пеколот, тие сакаат и други да ги следат во нивната заблуда. Валаам не можејќи да ги проколне децата на Израел по наредба на Валак бидејќи Бог го благослови неговиот народ , им испрати во пресрет жени кои ги вовлекоа во блуд (Броеви 25:1-2; 31:16).     Денеска сеуште, за жал, сексуалниот грев ги турка христијаните да застанат на грешниот пат и тоа на нивна штета.

*„ Сине мој, чувај ги моите зборови и запази ги моите заповеди при себеси. Пази ги моите заповеди, и ќе бидеш жив, и мојата поука како зеницата на своето око. Заврзи ги на своите прсти, запиши ги врз плочата на своето срце; речи и на мудроста: „Моја сестра си", и разумот наречи го роднина, за да те чуваат од жена прељубница, од туѓинка која зборува ласкаво. Кога бев еднаш при прозорецот на својата куќа и гледав надвор, низ решетката, видов меѓу лесноумните, забележав меѓу момчињата неразумен младец: Поминуваше по улицата покрај нејзиниот агол, и чекореше по патот кон нејзината куќа, во примрак, меѓу денот и вечерта, кога се спушта ноќната темнина. И ете, го сретна жена, облечена како блудница и со измама во срцето. Беше тврдоглава и разуздана, нејзините нозе не застануваа дома; беше час на улиците, час на раскрсниците, и дебнеше при секој агол. И го фати и го пољуби, и му рече, со безобразно лице: Бев должна да принесам помирителна жртва и денес го исполнив својот завет; затоа ти излегов во пресрет, да те барам, и те најдов. Своето легло го послав со килими, со везени египетски покривачи; својата постела ја намирисав со смирна, алој и канела. Ајде да се ситиме со нежности до утрото и да се насладуваме во*

*љубовта. Зашто мојот маж не е дома, отиде на далечен пат; зеде со себе ќесе со сребро, а ќе се врати дома одвај при полната месечина. Така го заведе со своето наговарање, го одвлече со своите мазни усни. И тој тргна лудо по неа, како што волот оди на кланица и како што еленот, заплеткан во мрежата, чека додека стрелата не му го прониже црниот дроб, и како птицата што влетува во клопката, и не знаејќи дека тоа ќе ја чини животот. Затоа, сине мој, послушај ме, и чуј ги зборовите на мојата уста: Нека твоето срце не застранува по нејзините патишта, и нека не скита по нејзините патеки, зашто мнозина ги рани смртно и ги падна, и мнозина се оние што ги уби. Патиштата низ нејзината куќа водат во пеколот, долу во собите на смртта*." Изреки 7

Ако непријателот види дека не може да не турне во сексуален грев, ќе се потруди да не турне во духовна проститутуција праќајќи ни лукави луѓе кои преку ласкави и заводливи зборови ќе се обидат да не вовлечат во компромис. Бидејќи компромис се преведува како прифаќање на лажни доктрини и човечки традиции кои често се со демонска инспирација или пак толеранција во поглед на гревот. Непријателот знае дека овие работи дури и во мали количества се доволни да го одвлечат ходочасникот од правиот пат , бидејќи малку квас е доволно за да се потквасы целото тесто (Галатјани 5:9).

**2) Какол: Лошо друштво**

Патот на грешникот е место на средба на лошото друштво, на каколот, чија што единствена цел е да го расипе вистинското Божјо дете (1Коринтјани 15:33).

*„ Им претстави и друга парабола, велејќи: „Царството небесно е слично на човек, кој посеал добро семе на својата нива. Но, кога луѓето спиеја, дојде неговиот непријател и посеа какол меѓу пченицата и си отиде. А кога посевот порасте и донесе плод, тогаш се покажа и каколот. А слугите на домаќинот пристапија и му рекоа: 'Господару, зар не посеа добро семе на својата нива? Тогаш, откаде е каколот во неа?' А тој им рече: 'Човек непријател го направи тоа.'Слугите пак му рекоа: 'Сакаш ли тогаш да одиме и да го исплевиме?' А тој рече: „Не, да не би корнејќи го каколот, да ја откорнете со него и пченицата. Оставете ги нека растат двете заедно до жетвата. А во времето на жетвата ќе им речам на жетварите: 'Соберете го најнапред каколот и врзете го во снопови, за горење; а житото приберете го во мојата житница*." Матеј 13:24-30

Каколот е коров од кој некои видови се отровни и предизвикуваат состојби слични на пијанство, од латинскиот збор ebrietas што значи „пијнаство". Неговото Грчко име е

zizanion. Друга карактеристика е тоа што наликува на жито, и што расте на исто место и во исто време како него. Преку оваа парабола, Бог не предупредува дека Сатаната ги сместува неговите деца на места каде се претпоставува дека ќе се најдат христијани, луѓе кои навистина го љубат Бог. Тоа се луѓе чии што плодови се лоши а само наизглед се побожни (2Тимотеј 3:5). Целта на каколот е јасна: да посее раздор, да предизвика скандал, да заведе за да го турне ходочасникот да застане на грешниот пат.

*„ Придојдениците среде нив ги опфати лакомство за јадење. А и Израелците пак почнаа да се поплакуваат, велејќи: „Кој ќе нѐ насити со месо. Си спомнуваме како јадевме бесплатно во Египет: риби, краставици, дињи, праз, кромид и лук. Сега нашиот живот венее, нема ништо пред нашите очи освен мана.”* Броеви 11:4-6

*„ Внимавајте на себе и на целото стадо, во кое Светиот Дух ве постави за надгледувачи, за да ја пасете Божјата Црква, која Тој ја придоби со Својата крв. Јас знам дека по моето заминување, ќе навлезат меѓу вас свирепи волци, кои нема да го штедат стадото*“ Дела 20:28-29

Каколот испратен од Сатаната нема да престане да не одвлекува да ги посакуваме и да ги сакаме нештата од овој свет. Тој ќе не тера да гледаме позади нас како што и направи на жената на Лот (Битие 19), ќе ни донесе заблуда (Излез 32:6; Галатјани 3:1) и грижи за јадење, пиење, брак, работа (Броеви 32)...

*„ Зашто, таквите не Му служат на нашиот Господ Христос, туку на својот желудник, и со благи и ласкави зборови ги заведуваат срцата на простодушните*.“ Римјани 16:18

Сепак Словото е јасно, иако некои потреби може да бидат легитимни, тие не треба да бидат главен приоритет  што е Царството Божјо. Ходочасникот треба да го продолжи патот знаејќи дека Бог верно ќе ги задоволи сите негови потреби.

*„ И така не грижете се, велејќи: ‘Што ќе јадеме?’ или: ‘Што ќе пиеме?’ или: ‘Што ќе облечеме? Зашто сето тоа го бараат народите, зашто вашиот небесен Татко знае дека ви е потребно сето ова. Но, барајте го првин царството Божјо и Неговата правда, и сѐ тоа ќе ви се додаде. И така, не грижете се за утрешниот ден, зашто утрешниот ден ќе се грижи за себеси. Доста му е на секој ден неговото зло*.” Матеј 6:31-34

Потсетете се дека какол се изговара ebrietas на латински, што значи „пијанство“. Неговата цел е да ги опијани ходочасниците со цел да не ја постигнат целта (Откровение 17).

Каколот посеан од Сатаната претставува:

-**Окултисти** : (од зборот «occulte»: што значи скриен), тоа се волшебници, маѓесници, вуду свештеници, гледачи на карти, астролози, јасновитци... Овие личности практикуваат окултни науки како што се ориентална медицина, хипноза, магнетизам, јога итн. Бидејќи Бог го мрази окултизмот како што вели Словото во Повторени закони 18:9-12. Библијата ни зборува за повеќе личности кои биле во служба на Сатаната: Јаниј и Јамвриј, маѓепсници на Фараонот (2Тимотеј 3:8), гатачката од Ен-Дор (1Самоил 28:7-25), Симон маѓепсникот (Дела 8:5-25), Варисус или Елима (Дела 13:6-13).

-**Лажните служители**: лажните пастори, пророци и апостоли кои ја кријат вистината како што вели Библијата во 2Коринтјани 11:13 *„Зашто таквите луѓе се лажни апостоли, измамливи работници кои се преправаат во Христови апостоли“*.

**Има 2 типа на слуги на Сатаната:**

-**Несвесни слуги**: Тоа се личности несвесно користени од ѓаволот, кои преку нивниот разуздан живот му служат на Сатаната без нивно знаење (оние кои се од Бога не прават грев). Ова е случај со паганите, луѓе кои не веруваат и телесни христијани (1Јован 3:9; Матеј 16:22-23).

-**Свесни слуги:** Тоа се личности кои свесно потпишале пакт со Сатаната. Еве сведоштво на две жени кои свесно биле во служба на Сатаната и кои Господ ги ослободи.

**Сведоштво на Јоланда, 33 години, ослободена од врачарство**

На мисијата во Камерун од 24 ноември до 4 декември 2011 година, додека примав луѓе на разговор, ме побара една жена сатанистка, која сакаше да го напушти сатанизмот.

Еве го нејзиното сведоштво:

„Се викам Јоланда и по потекло сум од Камерун. На возраст од 15 години, мојата мајка која беше главна на врачарите во нашата населба, ме водеше во посета низ целата населба каде што живеевме. Со други врачари, ние подготвувавме храна што ја делевме на луѓе од населбата (село Бангантe). Бев иницирана од мајка ми да убивам духовно и физички: жртвував луѓе кои ги претворав во животни. Не се грижев да знам кои беа тие луѓе, каква е нивната судбина бидејќи бев програмирана да ги уништам сите оние кои ги среќавав во мојата населба, вклучувајќи ги и христијаните. Ми се случуваше да се претворам во змија. Всушност еден ден проголтав едно дете. Подоцна мајка ми ми организираше духовна свадба со еден дух кој ми диктираше како да се однесувам. Имав

две деца во духовниот свет со овој демон.  Во 2007 направив избор да се свртам кон Бог. Сепак продолжив да учествувам на овие спритуални „забави“ од кои се враќав натажена и обесхрабрена во однос на Господ. Еден ден еден брат се обиде да ми помогне во однос на врската која ме држеше во заложништво, но мојот духовен маж го напаѓаше (борба со демони, закани). Мојата сопствена мајка и овој спиритуален маж (incubus) постојано ме напаѓаа. Правеа да верувам дека сум маж за да станам хомосексуалец. Трпев секаков вид на угнетувања. Одлучив да се исповедам за врачарството и Бог почна ме ослободувања. Моите две духовни деца (демони) ме напуштија, а потоа на ред беше мажот (демон) да замине. Уште еден демон кој беше како негов двојник си замина исто. Сепак, како што останаа уште темни зони, ослободувањето не беше целосно. Сеуште бев запоседната од три демони, змија и був во пределот на стомакот и друга змија во делот на вратот.

Изморена од правење зло, решив да напуштам сѐ и да го исповедам целосно гревот. Тогаш бев целосно ослободена од Бог“.

**Сведоштво на една млада жена екс-сатанистка**

Оваа жена по потекло од Демократска Република Конго, моментално има 27 години и студира на универзитет.

На 9 години нејзината баба ја иницирала во врачарство преку храна (месо). Една ноќ дошла додека таа спиела да и го побара месото. Девојчето и одговориле дека нема начин да и го врати назад, старата врачарка тогаш и предложила да оди и да го види нејзиниот господар Сатаната и да му објасни. Испаничена таа прифатила и се нашла надвор од своето тело во друштво на нејзината баба. Тие му се придружија на Сатаната во астралниот свет. Сатаната од своја страна и побарал да му врати тоа што му должи. Детето се извинило велјќи дека нема сретства, на што Сатаната одговорил дека во неговиот свет нема простување, дека ќе треба на мистичен начин да убие некој од нејзиното семејство за да се отплати долгот. Штом се вратила дома, оснажена со сила која доаѓа од темнината девојчето почнало да ги уништува, замајува и убива нејзините блиски. Првата личност што ја жртвувала била член на нејзиното семејство. Нејзиниот влез во сатанизмот бил запечатен кога се напила крв од нејзината жртва во друштво на други сатанисти.

Сатаната направил од неа вистинска сирена на копно и во вода и Језавела. И доверил мисија да ги уништува мажите, особено христијани. Таа се омажила во другиот свет каде својата девственост му ја посветила на Сатаната. Така таа станала мајка на две демонски

деца. Сепак таа не можела да има деца физички, бидејќи својата матка му ја жртвувала на Сатаната.

Таа делувала во секој домен на животот: семејство, политика, бизнис и се разбира во црквите... Станала верна на една заедница во Киншаса.

Кога една личност и ги образложувала своите планови за живот (брак, патување, бизнис...) таа сè направила да пропаднат однапред работите. Таа немала милост за своето семејство кое финансиски го уништила, главно парализирајќи го бизнисот на татко и, ниту за младите од нејзиното опкружување на кои им ги блокирала студиите.

Исто така кога не сакала да оди на училиште, таа го замајувала целиот клас и така ги спречувала сите другари да се концентрираат. Чисто од љубомора, не можејќи да ја убие, таа нападнала со стерилитет една од нејзините другарки затоа што таа била поубава од неа.

Помеѓу нејзините дела на уништување, таа исповедала дека придонела три личности да не бидат избрани за пратеници. Освен тоа, со групата сатанисти со кои работела, се обиделе да предизвикаат војна во ДР Конго за време на изборите во 2011 година. Таа предизвикала смртни несреќи, мистично абортирала бремени жени, мистично жртвувала повеќе од 20 луѓе, иницирала на врачарство повеќе од 13 деца меѓу кои 2 од нејзините братучеди. Десет демони и помагале во уништувањето на Божјите дела.  Кога доаѓала во црква, ако пасторот бил праведен и се плашел од Бог, таа врачарството го оставала надвор. Но, ако пасторот не бил исправен, таа го уништувала него и неговата заедница.

Во текот на 14 години таа ги напаѓала христијаните, особено оние кои се молеле многу. Во нејзин интерес било да и успее мисијата инаку ќе ја претепале демоните.

На крај сепак таа си поставувала прашања за Бог и особено за Исус. Всушност, таа забележала дека во астралниот или демонскиот свет, сите, вклучувајќи го и Сатаната, клекнувале на колена , кога Неговото Име било изговарано. Тоа многу ја заинтригирало. Таа си рекла штом Сатаната клекнува на колена секогаш кога името Исус било спомнато, зошто да не му служи на овој Бог кога е тој посилен од него?

Утрото кога се разбудила, таа сакала да го напушти врачарството, но не знаела како да го направи тоа. Не нашла никој на кого би ги исповедала своите злодела. Еден ден, отишла кај некој пастор за да му го признае гревот и дека сака да го напушти. Но тој немал подобра идеја од тоа да и предложи ослободување преку сексуален однос!

На 16 февруари 2012 година јас бев во Киншаса на мисија од две недели. За време на една молитвена средба Бог ми даде збор на знаење според кој една личност која

практикува врачарство е тука. Ја повикав таа личност да дојде да ме види на крајот од средбата за да прими ослободување. Младата жена тогаш ја зграпчи приликата и го исповеда гревот. Јас молев за неа во името на Исус и таа беше целосно ослободена!

**Кои се целите на Сатаната и неговите демони?**

Да се одржат луѓето во незнаење и грев за да се одвлечат во пеколот, оддалечувајќи ги од патот (Осија 4:6), да биде обожаван наместо Бог (Матеј 4:8-10), да се загуши духовниот живот на христијаните (Јован 10:10), да се опседнат луѓето за да ги уништи, ги турка луѓето во окултна практика.

Бидејќи Сатаната и неговите демони се духови, борбата што треба да ја води житото или ходочасникот е неопходно духовна (Ефесјани 6:12).

Со години соработував со луѓе за кои мислев дека се искрени со Бог и кои многу ги сакав. Пораката за враќањето на Словото ми ги отвори очите за нив. Се почна со откажувањето на практикување на десеток. На мое големо изненадување, тоа го предизвика првиот бран на заминувања што ме остави во целосно неразбирање. Со текот на времето, на секое ново просветление што ми го даваше Бог, следуваа нови заминувања. Многу често, овие луѓе се повикуваа на бесмислени мотиви и лажно ме обвинуваа  дека сум им нанел штета. Шокиран и повреден, овие брутални одвојувања ме дестабилизираа некое време без да ме оддалечат од патеката која ми ја определи Бог. Ми требаше години за да сватам дека овие луѓе не беа од Бог. Овие луѓе беа околу мене само да ги задоволат своите лични интереси, особено да ја искористат масата луѓе која ја привлекуваше Пораката  за да соберат пари. Пред да заминат тие се посветија на една вистинска саботажа зад кулисите. Тие прибегнаа кон лаги и клевети, предвидуваа пропаѓање на делото што Бог ми го довери за да донесат заблуда над неутврдените души. Бидејќи спротивно на нивните злобни предвидувања, после секој бран на заминувања, Бог се повеќе се прославуваше. Бог лично правеше селекција, за да ме оддели од лошото друштво со цел да го продолжам патот безбедно.

Не поднесувајте пријателство и соработка со луѓе, туку одете кон Бог во молитва за да знаете со кого да одите, бидејќи сите со кои се среќаваме не се од нашите (Лука 6:12-16).Всушност, каколот е сличен на житото, но тој е семе на Сатаната ( Матеј 13).

*„ Деца, последен час е; и, како што сте чуле дека антихрист иде, така сега се подигнаа многу антихристи; по тоа знаеме дека е последниот час. Од нас излегоа, но не беа од*

*нас, зашто ако беа од нас, ќе останеа со нас, туку требаше да се покаже дека не се сите од нас*.“ 1Јован 2:18-19. Дури и меѓу апостолите од првиот век имаше лажни браќа.

*„ Возљубени, не верувајте му на секој дух, туку испитувајте ги духовите - дали се од Бога, зашто многу лажни пророци излегоа во светот*.“ 1Јован 4:1

Многу е важно за ходочасникот да разбере дека треба да се одвои од каколот, т.е лажните браќа.

## Кастрење или одвојување

Кога се жалев во однос на бунтовништвото од некои луѓе кои сум ги подучувал, Бог ми го даде следниот стих во визија. *„ Јас Сум вистинската лоза и Мојот Татко е лозарот. Тој ја отстранува секоја прачка на Мене, што не дава плод;* ***а ја чисти секоја, што дава плод, за да даде повеќе плод*** “ Јован15:1-2.

Кастрење претставува техника на кроење која се состои во сечење на мртвите, заболените, оштетените, кршливи или опасни гранки на едно дрво или грмушка. Оваа техника ги подобрува растот и убавината, како и здравјето на дрвото или грмушката, бидејќи така се избегнува ширење на болестите. Што се однесува до исечените гранки тие се скршени и изгорени.

*„ Ако некој не остане во Мене, тој ќе биде исфрлен надвор како прачката, која е исушена, - ги собираат, ги фрлаат во оган и ги горат*“ Јован 15:6

Оваа работа на прочистување што Таткото ја прави во секое дете се состои во одвојување на христијанинот од лажните браќа, но и од неговиот личен карактер.

Некои луѓе се како мртви гранки, скапани и опасни. Го забавуваат христијанинот во неговото чекорење. Тие за него се како ѓулиња врзани околу нозете кои Бог треба да ги тргне.

Така јас разбрав дека сите одвојувања кои Бог ги правеше во мојот живот беа за да ме направи полесен и да бидам способен да го продолжам моето чекорење без проблем.

Како Авраам што требаше да се оддели од неговиот внук Лот (Битие 13), не се обесхрабрувајте ако вашите блиски ве напуштаат. Нека очите ви бидат насочени кон Бог и останете во вера бидејќи Тој ве кастри.

*„Од својата младост Моав уживаше мир, лежеше врз својата дрождина, никогаш не го преточуваа од бочва во бочва, никогаш не отиде на заточение: затоа вкусот му остана свеж, мирисот непроменет.“* Еремија 48:11

Во текот на кастрењето, Бог го прочистува ходочасникот претопувајќи го од еден карактер во друг, од едно тело во друго. Целта на оваа работа е да го испразни од сиот талог. Талогот е како слика на гревот кој е скриен на дното на срцето. Преку овој процес Бог го одзема мирисот на гревот со цел ходочасникот да може да го шири Христовиот мирис. Никој не може да биде исполнет од Бог без да биде испразнет од него самиот. Всушност Бог не може да наполни сад кој е веќе полн. Мешавина не е можна со Бог. Затоа, претопувањето е тежок процес да се преживее, бидејќи во текот на ова прочистување ходочасникот ќе ги изгуби сите придобивки и чест што му ги дале луѓето. Во текот на чекорењето христијанинот постојано ќе биде кастрен од Бог. Оваа работа никогаш не престанува. Целта е да може да оди од слава во слава. Секогаш кога Бог ќе сака да издигне еден христијанин или да му довери нова одговорност тој ќе го кастри за да го квалификува.

## IV. Собрание на подбивачи

Зборот собрание се однесува на коалиција. Тоа е повремена средба на личности за да се борат против заеднички непријател. Коалиција е исто така сојуз помеѓу повеќе партии кои имаат иста цел. *„Земските цареви стануваат и кнезовите се собираат против Господа и против Неговиот Помазаник“* Псалми 2:2

Даниел зборува за сојуз меѓу непријателите на Јахве: *„А што си видел железо измешано со глина: тие ќе се мешаат* ***со човечко семе, но нема да се држат заедно, како што ни железото не може да се измеша со глина***.“ (Даниел 2:43). Собранието на подбивачи е сојуз на луѓе кои не се сакаат но се собираат заедно против еден заеднички непријател.

*„Во истиот ден Пилат и Ирод се спријателија, зашто порано беа непријатели*.“ Лука 23:12 Тоа е сојуз помеѓу Ирод и Пилат против Исус.

Еремија толку го сакаше Бог што одби да биде во собранието на продбивачите.

*„Никогаш не седев во друштво на потсмевачи за да се развеселам. Осамен живеам под тежината на Твојата рака, зашто Ти ме проникна со јарост*.“ Еремија 15:17

Зборот подбивач се вели luwts на еврејски и значи „презира“, „зборува со ароганција“, „се потсмева“, „се исмева“. Исмејувањето е сретство кое го користи непријателот за да изврши притисок и да го обесхрабри ходочасникот. Негова цел е да го заплаши и да го повреди со збор користејќи шеги.

*„Како безумниот кој фрла гламни, стрели и сее смрт, таков е човекот кој го измамува својот ближен и вели: „Само се шегував”* Изреки 26:18-19

Ходочасникот кој се грижи за тоа што ќе речат другите и како го гледаат луѓето нема да може да ја заврши трката со Бог. Така и царот Саул кој започна да чекори со Бог, беше дисквалификуван бидејќи попушти на притисокот од народот (1Самоил 15:24). Спротивно апостол Павле не се повлече пред обидот за заплашување од царот Агрипа, туку продолжи да го објавува Евангелието како што му нареди Бог (Дела 16:28-30; Дела 9:15). *„Зашто, јас не се срамам од Евангелието, бидејќи тоа е Божја сила за спасение на секој кој верува...“* Римјани 1:16.

Друга цел на подбивањето е да придонесе ходочасникот да се срами од Бог. Но Исус рече: *„Зашто, кој се срами од Мене и од Моите зборови во овој прељубодеен и грешен род, и Човечкиот Син ќе се срами од него, кога ќе дојде во славата на Својот Татко, со светите ангели*.” Марко 8:38

*„А на страшливците и на неверните, и на гнасните и на убијците, и на блудниците и на вражалците, и на идолопоклониците и на сите лажци, нивниот дел им е во езерото, кое гори со оган и сулфур; тоа е втората смрт*.“ Откровение 21:8

Собранието на подбивачите е сатанска синагога опишана во Откровение 3:7-9. Таа го претставува сегашното христијанство кое е целосно паганизирано. Тоа ги опфаќа црквите кои се дел од човечки федерации и кои ги прифаќаат законите инспирирани од духот на антихристот. Сатанската синагога е исто така големиот Вавилон, блудницата од Откровение 17. Неговите слуги се седнати на маса на демоните за да јадат месо од идолски жртви и да пијат од чаша на демионите кои ги содржат сите лажни доктрини кои ги трујат црквите.

*„Не, туку дека она што народите го жртвуваат, им го жртвуваат на бесовите, а не на Бога; а јас не сакам вие да бидете во заедница со бесовите. Не можете да ја пиете Господовата чаша и бесовската чаша. Не можете да учествувате на Господовата трпеза и на бесовската трпеза.“* 1Коринтјани 10:20-21

Сатанската синагога ги прибира кај себе асоцијациите на лажни служители преправени во Божји слуги (2Коринтјани 11:13). Навистина, лажните пророци секогаш се здружувале против вистинските кои често биле сами. Така може да го наведеме примерот на Михеј и

400 пророци на Ваал (1Цареви 22), Илија и 850 пророци на Ваал и Ашера (1Цареви 18 и 19), Еремија и лажните пророци (Еремија 15 и 20), Павле и лажните апостоли (2 Коринтјани 11), потоа Лутер и католичките свештеници, Џорџ Фокс и верниците од негово време...

Некои еврејски старешини или луѓе од народот признаваат дека Исус е месија, но одбиваат да објават јавно од страв да не бидат исклучени од нивната синагога (Јован 12:42; Јован 9:22). Всушност Бог ги предупреди неговите ученици дека тоа ќе им се случи (Јован 16:2). Навистина, Божјите деца кои чекорат по Духот, не се вклопуваат во начинот на функционирање на овие собранија. Исто така тие не треба да чекаат да бидат исклучени од овие отпаднички човечки организации, туку тие самите треба да имаат иницијатива да ги напуштат.

*„И чув друг глас од небото да вели: „Излезете од неа, народе Мој, за да не бидете соучесници во нејзините гревови и да не ги примите нејзините зла“* Откровение 18:4

Псалм 1 ни вели дека благословен е човекот кој не седи во советот на продбивачите. Еврејскиот збор кој е преведен како „седи“ значи исто така и „пребива“, „останува“, „живее“. Навистина ходочасникот кој  е заведен заборава на чекорењето и удобно се сместува во собранието на подбивачите. Наместо да ја следи целта дадена од Бог, тој се усогласува со сегашното време и на крај целосно пристапува во безбожниот систем поставен од Вавилон.

Ходочасниците кои застануваат и седнуваат  ја губат небесната визија и си градат нивно земно царство (Битие 11).

Да се потсетиме дека Евреите кои доживеаа големо ослободување од Египет, седнаа во подножјето на Синајската гора и си воведоа нивна религија. Тие си направија златно теле кое им служеше како божество и го обожаваа со музика и танци (Излез 32).

## V . Советот  на безбожниците

Зборот „совет“ во Псалм 1 означува „намера“, „цел“. Во 1Цареви 13 се раскажува за човек кој имаше голем повик од Бог над неговиот живот, но кој заврши со смрт бидејќи се оддалечи од визијата што ја прими од Бог слушајќи еден стар злонамерен пророк. Затоа не треба да се импресионираме од титулите и cv-то што некои таканаречени Божји луѓе ни ги претставуваат за да си ги поткрепат нивните совети. Не значи дека ако една личност

има титула, таа е одобрена и испратена од Бог да соработува со вас или уште полошо: да го диктира вашето однесување. Апостол Павле останал верен на визијата што му ја дал Бог без да се гиржи за лажните браќа, ниту за апостолите кои му претходеле во верата и кои го среќавале Бог додека тој бил на земјата.

„*Но ни Тит, кој беше со мене, иако Грк, не беше принуден да се обреже, и тоа заради тајно воведените лажни браќа, кои се вовлекле за да ја согледуваат нашата слобода, која ја имаме во Христа Исуса, за да нè поробат. На кои не им отстапивме ни за час, ниту им се покоривме, за да остане со вас вистината на Евангелието. А што се однесува за оние, кои беа сметани за видни, какви и да биле некогаш, мене ми е сеедно; Бог не гледа на човековото лице - тие видните ништо не ми придадоа*.“ Галатјани 2:3-6

## Советите на Ахитофел (2Самоилова 15; 16 и 17)

Ахитофел, чиешто име означува „брат на лудоста“, беше главен советник на Давид. Неговите совети беа толку ценети што беа сметани со иста вредност како Божјиот збор: „*А советот што ќе го дадеше Ахитофел во она време беше како некој да прашува за слово од Бога; толку вредеше секој Ахитофелов совет, и кај Давида и кај Авесалома*.“ (2Самоилова 16:23).

Зошто советите на еден човек чие што име значи „брат на лудоста“ беа ставени на исто ниво како и Божјиот збор? Бидејќи Давид се компромитира вршејќи прељуба со Витсавеја и убивајќи го Ури ј нејзиниот маж со цел да го прикрие гревот. Всушност многу поедноставно од еден советник, Ахитофел беше дедо на Витсавеја. Дали Давид го земал за советник за да се оправда? Очигледно овој избор се покажал како катастрофален. Всушност Ахитофел учествуваше во револтот на Авесалом. Тој доволно добро го познаваше Давид, неговите акции и стратегии за борба за да му даде ефикасна помош во бунтот на неговиот син. Така тој го посоветува Авесалом да спие со конкубините на неговиот татко (2Самоилова 16:21) и да поведе војна против него (2Самоилова 17:1). Но кога Авесалом не послуша ниту еден од неговите совети тој се самоуби.

Духот на Ахитофел и денеска дејствува во евенгелската средина. Овие советници се непријатели и потенцијални предавници кои Сатаната може да ги употреби за да ве уништи.

Лудост е да се замени Божјото Слово за човечки совети!

Советот на безбожниците е едноставно човечко или сатанско слово. Тоа опфаќа доктрини и човечки мудрувања, традиции или филозофија.

*„Пазете да не ве зароби некој со философија и со суетна измама по човечко предание, според стихиите на светот, а не според Христа*.“ Колосјани 2:8

Зборот „заведува“ во овј дел значи „***да ве одведе надвор од патот и да ве стави под негова доминација***“. Оној кој не го следи Божјиот совет или Неговото Слово, ќе биде оддалечен од вистината и ќе биде потчинет од крвожедни волци. Што се однесува до зборот „традиција“, paradosis на грчки, означува „заповед“.

Од генерација во генерација, луѓето си пренесуваат заповеди кои за жал често го заменуваат Божјото слово кај повеќето христијани (Марко 7:1-13). Помеѓу овие традиции се плаќање на десеток, служба, фактот да се смета Недела како ден за Господ, пасторална облека, Божиќ, тројство...

*„Тогаш фарисеите и книжниците, од Ерусалим, Му пристапија на Исуса и рекоа: ”Зошто Твоите ученици го престапуваат преданието на старите? Бидејќи не си ги мијат рацете, кога јадат леб.” А Тој во одговор им рече: „Зошто и вие ја престапувате Божјата заповед, заради вашето предание? Зашто Бог рекол: ‘Почитувај ги татка си и мајка си,’ и ‘Кој го злоречува татка си или мајка си, со смрт нека умре;’ а вие велите: кој ќе му рече на татка си, или на мајка си: ‘Она со што би можел да се ползуваш од мене, Му е подарено на Бога, тој не треба да дава на татка си или мајка си;’ и така го укинавте Божјиот збор заради вашето предание*.“ Матеј 15:1-6

Зборот „филозофија“ значи „љубов за мудроста“. Сите религии во светот содржат форма на мудрост која заведува многу луѓе и го обликува нивниот начин на размислување и нивниот начин на живот. Самиот Мојсеј, пред да биде допрен од Бог, беше подучен во целата Египетска мудрост (Дела 7:22). Од денешно  време може да наведеме помеѓу световните мудрости будизам, хиндуизам, ислам, јога, еврејска кабала, паганизирано христијанство, теологија...Оваа мудрост доаѓа од светот, таа е телесна и ѓаволска (Јаков 3:15) и нема ништо заедничко со вистинската мудрост која е самиот Исус. Навистина, *„А мудроста која доаѓа одозгора, пред сè: е чиста, потоа мирољубива, блага, покорна, полна со милост и добри плодови, непристрасна и нелицемерна*.“ (Јаков3:17).

Господ им велеше на апостолите да се чуваат од фарисејскиот квасец, од садукеите и од Иродовците, т.е од нивната доктрина (Матеј16:6-12; Марко 8:14-15). Квасецот е слика на гревот, посебно на гордоста.

*„Малку квас го потквасува целото тесто*.“ Галатјани 5:9

*„Очистете се од стариот квас, за да бидете ново тесто, како што сте бесквасни. Зашто и Христос, нашето пасхално јагне, беше жртвувано за нас.“* 1Коринтјани 5:7

Христијанинот, како и човекот воопшто е спореден со тесто. Малку квас е доволно за да го расипе целосно.

*„Зашто, иако живееме во телото, не војуваме со телото, зашто оружјето на нашето војување не е телесно, туку е силно во Бога за разурнување на тврдини, па ги рушиме мудрувањата; и секое превознесување што се крева против познавањето на Бога; и ја поробуваме секоја мисла за послушност на Христа; и готови сме да казниме секаква непослушност, кога ќе се исполни вашата послушност. Зар надворешно гледате на работите? Ако е некој уверен во себе дека е Христов, нека го размисли уште еднаш во себеси ова: како што е тој Христов, така сме и ние*!“ 2Коринтјани 10: 3-7

Многу пастори се одведени надвор од вистината, бидејќи не му биле покорни на Бога, туку на човечките религиозни системи кои им ветуваат плати, богатства и заштита. Бог треба да е нашиот прв и единствен Советник (Исаија 9:5).

Се разбира, може да ги слушаме советите на луѓето под услов тие да се во согласност со Божјото Слово и со целта што тој ја ставил во нас. Ние треба да останеме цврсти и да се потсетуваме дека кога Господ не повика ние бевме сами, советниците не беа тука и не слушнаа што Тој побара од нас да направиме. Многу луѓе ме обвинуваат за секакви работи, едноставно заради тоа што не ги следам нивните совети. Според нив, јас сум ограничен и не слушам никого. Бидејќи кога Бог ми дава наредба, визија за тоа што очекува од мене, не можам да слушам совети кои ме оддалечуваат од целта што ми беше дадена.

Земете ги за пример Зоровавел, управникот, Исус Навин, свештеникот, водачот на Израелевеите деца кои ги следеа Божјите наредби пред човечките совети. Непријателите на евреите сакаа да учествуваат во обновата на храмот со цел да го обесхрабрат народот. Но, Зоровавел, Исус Навин и водачите одбија да ги слушаат бидејќи тие примија прецизна наредба од Господ да не се здружуваат со неверниците (Ездра 4:1-6).

Чувајте ја вашата визија, дури и по цена да сте отфрлени и осамени. Повеќе вреди да чекорите сами со Бог отколку да дозволите лошото друштво да ве одвлече далеку од неговиот план. Работете за Господ, затоа што Тој ја поддржува исклучиво Неговата визија.

## VI. Тесната врата и тесниот пат

*„Влезете низ тесната врата, зашто широка е вратата и простран е патот, што водат кон пропаст, и мнозина се, кои влегуваат низ неа. Зашто тесна е вратата и тесен е патот, што водат во живот, и малцина се кои го наоѓаат*." Матеј 7:13-14

Исус бара да влеземе во Царството низ тесната врата, но за која порта станува збор или поточно кој е таа врата?

*„Исус им рече пак: „Вистина, вистина ви велам: Јас Сум вратата на овците. Сите, кои дојдоа пред Мене, се крадци и разбојници; но овците не ги послушаа. Јас Сум вратата; кој ќе влезе низ Мене, ќе биде спасен, ќе влегува и ќе излегува и ќе најде пасиште*" Јован 10:7-9. Видете и Откровение 4:1

Значи Исус е вратата, но не било која: туку таа на овците. Од историски поглед, имаше една врата од ѕидините на Ерусалим низ која поминуваа овците кои беа наменети за жртвување, оттаму е и неговото име. Тоа беше прва изградена врата од Неемија и неговите соработници по нивното враќање од егзил (Неемија 3). Всушност, пред да се почне Божјото дело, треба да си подготвен да се жртвуваш. Според Матеј 7:13, оваа врата е тесна, и не е предвидена да ги прими сите светски и религиозни толпи кои се носени наваму-натаму од напливот на доктрини.

Бог објавува дека патот по кој тргнува ходочасникот е „тесен". Интересно е да се спомне дека грчкиот збор употребен овде е *thlibo*, и значи „гмечи како зрна грозје", „притиска", „стеснет пат, тесен, приклештен", „страдање, вознемирување, прогонство". Исус ги предупреди неговите ученици велејќи им дека ќе имаат неволји (Јован 16:33). Апостол Павле, од своја страна предупреди дека „оние кои сакаат да живеат побожно во Исус Христос ќе бидат прогонувани (2Тимотеј 3:12). Така, оној кој чекори со Бог треба да очекува многу пречки, испитувања и борби. Различните етапи по кои се движеле Евреите во пустината ни ги покажуваат тешкотиите со кои се сретнува ходочасникот.

## Различните станици на Евреите во пустината

После нивното излегување од Египет, Евреите започнале долг пат кон Ханаан во текот на кој имале 42 станици. На секоја од овие станици ни се дадни вредни поуки за она што го очекува ходочасникот кога ќе тргне по тесниот пат.

**Рамзес (Излез 12:37)** : Тоа е појдовната точка. Рамзес значи „дете на Ре“, Египетски бог на сонцето. Евреите мораа да се соочат со ова божество кое сигурно влијаеше на фараонот (Излез 33:4). Ходочасникот мора да разбере дека Сатаната ,кој го држеше како заробеник, нема да остане со скрстени раце. Тој ќе мора да се бори против овој непријател во текот на целиот живот.

*„ Бидете трезвени и бдејте: вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика, барајќи некого да го проголта“* 1Петар 5:8.

**Сукот (Излез 12:37)** : е првата станица на Евреите. Сукот значи „шатор“, „барака“, „колиба“. Јахве го воспостави Празникот на Скинијата во очекување на можноста тој да се слави на небото, таму каде што Исус отиде да ни подготви место (Повторени закони 16:13-15, Јован 14:2). Ходочасникот не смее да ја изгуби од вид оваа цел и да дозволи да биде заведен од куќите на земјата кои имаат само привремена употреба.

*„Зашто, знаеме: ако се разурне нашиот земен дом, кој е како шатор, имаме од Бога зграда, вечен дом на небесата, што не го изградила човечка рака. Па затоа и воздивнуваме и копнееме да се облечеме со своето небесно живеалиште“* 2Коринтјани 5:1-2.

**Етам (Излез 13:20)** : името на оваа втора станица значи „со нив“. Бог навистина беше со децата на Израел во нивното чекорење водејќи ги под облакот и огнениот столб. После случката со златното теле, Бог сакаше да го запре патот со Израел. Но Мојсеј го преколнуваше велејќи: *„Ако не тргнеш Ти - не изведувај нè оттука“* (Излез 33:15).Всушност тој сфати дека се што ќе направиме без Бог е осудено на пропаст и не вреди. Исус кој е Верен и Вистинит рече: *И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот.”* (Матеј 28:20). Значи на ходочасникот е да внимава да не греши, со цел да биде сигурен дека Бог секогаш ќе биде со него.

**Пи-Аирот (Излез 14:2)** значи „место каде што расте трска“. Трската е растение кое се витка лесно без да се скрши. Слика е на покорноста. Ходочасникот треба да се приспособи на сите ситуации (1Коринтјани 9:20-23). *„Знам да живеам и во скудност, знам и во*

*изобилство, научен сум на сè и во сешто: да бидам сит и да гладувам; да сум во изобилство и во скудност."* (Филипјани 4:12).

**Мара (Излез 15:23)** значи „горчлив", „горчина". Горчината е чувство предизвикано од разочарување, неправда или повреда. Тоа е мешавина од тага, лутина и бес. Ходочасникот ќе сретне луѓе кои може да го разочараат и да го повредат по пат на клевета. Тој треба да внимава неговото срце секогаш да биде полно со љубов и проштевање за горчината да не го одвои од Божјата милост. *„Секое огорчение, и јарост, и гнев, и викање и хулење, да бидат отстранети од вас."* Ефесјани 4:31.

**Елим (Излез 15:27)** значи „растение", „палма". Тоа е место каде што имаше 12 извори на вода и 70 палмови дрвја. Бројот 12 е број на создавањето, а 7 е број на совршеност. Палмата е дрво чиишто корења може да отидат до 10 метри во длабочина. После горчината доаѓаат совршеноста и длабочината. Ходочасникот треба да се вкорени во Христос кој е единствен извор на жива вода (Откровение 21:6).

*„Заради тоа ги преклонувам своите колена пред Таткото на нашиот Господ Исус Христос, од Кого секој род на небесата и на земјата добива име; да ви даде, според богатството на Својата слава - да зајакнете со сила преку Неговиот Дух во внатрешниот човек, та преку вера да се всели Христос во вашите срца; да бидете вкоренети и засновани во љубовта: за да можете да сфатите со сите свети, што е ширина и должина, и височина и длабочина, и да ја познаете Христовата љубов, која го надминува знаењето; за да се исполните во целата Божја полнота*." (Ефесјани 3:14-19)

**Црвено Море или Море на Трските (Излез 15:22):** Трската ја претставува слабоста на човекот. Во Исаија 42:3 и Матеј 12:20 се вели *„Бог нема да ја докрши прекршената трска*". Ходочасникот треба да ја признае својата слабост и да не смета на своите сопствени сили за да го продолжи патот, туку на Божјата милост. Всушност оној кој ги признава своите слабости бара помош од Бог (2Коринтјани 12:10)
*„Бдејте и молете се, за да не паднете во искушение! Духот е бодар, но телото е слабо*!" Матеј 26:41

**Пустината Син (Излез 16:1):** Син, значи „трн". Во параболата за четирите типови на подлоги (Марко 4 и Лука 8) трњето претставуваат грижите на светот, особено неговата привлечност, богатство и алчноста. Трњето може да го загушат ходочасникот и да го спречат да биде продуктивен.
*„Зашто ништо не донесовме на овој свет, ниту можеме да однесеме нешто. А кога имаме храна и облека, да бидеме задоволни со тоа! А оние кои сакаат да се богатат, паѓаат во искушение, во стапица и во многу неразумни и штетни желби, што ги туркаат луѓето во пропаст и погибел, зашто среброљубието е корен на секакви зла; некои му се предадоа, се отстранија од верата и се прободија себеси со многу болки*."
1Тимотеј 6:7-10.

**Дофка (Броеви 33:12)** значи „кој удира“, Бог е оној кој ги казнува неговите деца за нивно добро (Евреи 12:5-13). Ходочасникот често се среќава со ситуации кои со полна сила го удираат. Бог ги дозволува овие ситуации за да ги обликува(воспита) неговите деца.

*„Сега гледате дека единствено Јас Сум, и дека нема друг Бог покрај Мене! Јас усмртувам и оживувам; Јас удирам и исцелувам и никој не се избавува од Мојата рака.“* Повторени закони 32:39

**Елус (Бровеви 33:13)** значи „метеж или неспокој на луѓето“. Ходочасникот често ќе биде предмет на безредие и неспокој. Повеќе луѓе ќе се здружат против него, скандали ќе го придружуваат каде и да помине (Псалм 2, Дела 20:1-28). Сите овие работи се нормални и тој не треба да се потресува.

*„ Тогаш учениците Му се приближија и рекоа: „Знаеш ли, дека фарисеите се соблазнија кога го чуја тој збор?”* Матеј 15:12.

**Рафидим (Излез 17:1**) значи „одмор“, „престој“, „место за одмор“. После секој период на безредие, немири и потреси, Бог му дава на ходочасникот време за одмор. Христос е нашиот одмор или нашиот сабат (Евреи 4).

*„ Дојдете при Мене сите, кои се трудите и сте обременети, и Јас ќе ви дадам одмор.“* Матеј 11:28.

**Пустината Синај (Излез 19:1**): Синај значи „трнлив“. После одморот ходочасникот ќе треба да се соочи со други проблеми, тешки ситуации кои се неопходни за успех на неговото чекорење. Всушност во Синај народот ја прими Тората, Божјиот закон. Исто, по примерот на апостолите Јован и Павле кои примиле големи откровенија во затвор, во тешките моменти ходочасникот ги прима најубавите благослови.

*„ Зашто сметам дека страдањата на сегашното време не се ништо во споредба со славата, која ќе ни се открие нам.“* Римјани 8:18.

**Киврот Атава (Броеви 11:34)** значи „ гробница на лакомост“. Во текот на земниот живот ходочасникот често ќе биде искушуван од ѓаволот. Лакомоста за нештата од овој свет (секс, пари, материјално, чест...) многумина ги оддалечува од чекорењето и ги води кон гроб. (Броеви 11:4; 2Самоил 11:1-27; 12 и 13; Јаков 1:14-15).

*„ Не сакајте го светот, ниту она што е во светот. Ако некој го сака светот, љубовта од Бога Таткото не е во него, зашто сè што е во светот: - похотта на телото, похотта на очите и гордоста на животот, не е од Таткото, туку од светот.* 1Јован 2:15-16.

**Асирот (Броеви 11:35)** едноставно значи „камп“.  Тоа е привремено здание направено од основни сретства. Ходочасникот треба да знае дека неговата крајна цел е небото. Се што луѓето можат да му предложат е вештачко и минливо.

*„Сите овие умреа во вера, не добивајќи ги ветувањата, туку само оддалеку ги видоа и ги поздравија, и исповедаа дека се туѓинци и придојденици на земјата*.“ Евреи 11:13.

**Ритма (Броеви 33:18)** значи „пустина“ или „метла“. Метла е грмушка со цветови кои пријатно мирисаат чии гранки се користеа порано за производство на метли за метење. Тоа е место каде што Бог ги суди лошите постапки на ходочасникот со цел да го доведе да има  свет живот (1Цареви 14:10; Исаија 14:23).

*„Ќе ми замилеете како пријатно кадење, кога ќе ве изведам од народите и кога ќе ве соберам од земјите во кои бевте расеани. И на вас ќе ја покажам Својата светост пред очите на сите народи.“* Езекиел 20:41.

**Римнон Фарес (Броеви 33:19)** значи „повреден гренадир“. Тоа е место каде ходочасникот ќе биде просеан, искастрен, одвоен од мртвите гранки со цел да може да донесе повеќе плодови од Духот (Јован 15:1-9).

*„Јас Сум вистинската лоза и Мојот Татко е лозарот. Тој ја отстранува секоја прачка на Мене, што не дава плод; а ја чисти секоја, што дава плод, за да даде повеќе плод*.“ Јован 15:1-2.

**Ливна (Броеви 33:20**) значи: „белина“, исто така и име на градот на Левитите. Ходочасникот поминува низ миење со водата на Словото и огнени искушенија за да се прочисти (Матеј 17:1-2; Откровение 3:5). Белата облека ја претставува праведноста на ходочасникот (Откровение 19:6-8).
*„Носи бела облека во секое време и нека не снема масло на твојата глава*.“ Проповедник 9:8.

**Риса (Броеви 33:21)** значи: „рушевина“. Изреки 16:18 вели *„Гордоста врви пред гибелта, и високоумноста пред паѓањето*“. Тоа е место каде телото на ходочасникот е ставено на тешко искушение (2Коринтјани 12:1-10) и каде гордоста на ходочасникот е уништена со цел да му дозволи да оди напред.

**Келат (Броеви 33:22)** значи: „собир“. Ходочасникот има братско заедништво со вистински браќа и сестри во Христос. Од таму тој ќе црпе дел од силата за да го продолжи неговото чекорење (Дела 2:46; 1Коринтјани 12).

*„ Ете, колку е добро и колку е мило кога браќата живеат заедно.“* Псалм 133:1.

**Планината Сафер (Броеви 33:23**) значи: „планина на елеганција и убавина“. Кога ходочасникот е променет од Божјата сила, неговото лице одразува внатрешна убавина.

*„ туку: сокриениот човек на срцето во непропадливиот украс на кроткиот и мирен дух, што е од голема вредност пред Бога*.“ 1Петар 3:4.

**Харад (Броеви 33:24)** значи: „страв“, „плашење“. Ходочасникот ќе биде соочен со злобни и заканувачки луѓе, со толку тешки ситуации кои силно ќе го потресат што ќе почувствува страв (1Коринтјани 2:3). *„ Зашто, од кога дојдовме во Македонија, нашето тело немаше мир; туку отсекаде бевме во неволја; однадвор борби, внатре страв*.“ 2Коринтјани 7:5.

**Макилот (Броеви 33:25)** значи „место на состанок“. Ходочасникот повторно ќе го искористи братското заедништво со цел да се зацврсти и охрабри после тешките мигови.

*„ откако браќата, чуја за нас, ни излегоа во пресрет до Апиевата Ширина и до Трите Крчми. Кога Павле ги виде Му благодари на Бога и се охрабри*.“ Дела 28:15.

**Тахат (Броеви 33:26)** значи: „позиција“. Ходочасникот зазема позиција за вистината. Тој е цврсто определен да оди напред и покрај искушенијата. Свесен за неговата позиција во Божјото царство, тој не бара висока позиција предложена од луѓето.

*„ и дека повеќето од браќата во Господа, охрабрени од моите окови, се осмелуваат сè повеќе да го проповедаат без страв Божјото слово*.“ Филипјани 1:14.

**Тара (Броеви 33:27**) значи „доцнење“. Ходочасникот може да доцни заради луѓето кои го опкружуваат (семејство, пријатели, соработници). Терак (доцнење), татко на Авраам, доби наредба од Бог да оди во Хананската земја, но тој не ја заврши визијата што ја имаше примено. По неговата смрт, Авраам се крена и го продолжи неговиот пат. Ходочасникот треба да внимава на луѓето со кои се дружи, бидејќи некои луѓе набрзо може да станат кочница за него. Така по примерот на Авраам и Лот (Битие 13:1-13) или на Павле и Варнава (Дела 15:36-41), ходочасникот треба да биде подготвен да се одвои од некои луѓе ако сака да го продолжи чекорењето со Бог.

*„ А кога големо множество одеше со него, Тој се заврти и им рече: ”Ако некој дојде при Мене, а не ги намрази: татка си и мајка си, и жена си, и децата, и браќата и сестрите, па и својата сопствена душа, не може да биде Мој ученик. Кој не го носи својот крст и не оди по Мене, не може да биде Мој ученик*.“ Лука 14:25-27.

**Митка (Броеви 33:28)** значи: „благост“. После тешкото одвојување, ходочасникот ќе ја почувствува благоста на Бог кој доаѓа да го утеши (1Цареви 19:11-12). Смоквата е особено ценета заради благоста на нејзиниот плод и сенката која им ја правеше за време на медитација на оние кои ја проучуваа Тората (Судии 9:10-11; Јован 1:47-48).

*„ А плодот на Духот е: љубовта, радоста, мирот, трпението, љубезноста, добрината, верноста, кротоста, самоконтролата“* Галатјани 5:22.

**Асемон (Броеви 33:29**) значи: „претежок“. Ходочасникот чие срце е згоено не може да оди далеку (Еремија 5:28). Тоа треба да биде искастрено од Господ за да стане полесно. За да ја достигне поставената цел, тој треба да си наметне живот на пост и молитва.

*„ туку во сѐ се покажуваме како Божји слуги: во големо трпение, во неволји, во беди, во тешкотии, при удари, во темници, во буни, во напори, во бдеења, во пости“* 2Коринтјани 6:4-5.

**Мосирот (Броеви 33:30)** значи „пречка“, „оков“. Пречката е врска со тркалце или прстен кој служи да се ограничи движењето на естремитетите на животното. Тоа може да биде нешто или некој кој пречи, го порпречува или го задржува ходочасникот во неговиот ȏд кон небото. Тое е пречка од која мора да се ослободи. Ходочасникот мора да се одвои од некои луѓе кои го опружуваат (Јован 15:1-10) и да внимава на чувствата кои може да го доведат да падне во компромис.

**Вене-Јакан (Броеви 33:31)** значи: „син на оној кој витка или кој притиска“. По патот ходочасникот ќе сретне лажни браќа и сестри кои го искривуваат Божјото Слово, религиозни, какол, кои се всушност деца на Сатаната (Дела 8:5-25; 13:6-13) кои ќе го притискаат и ќе направат сѐ за да се откаже од чекорењето со Бог. (Галатјани 2:1-6; Откровение 17). Како што вели апостол Павле, треба да се чуваме од нив и да го продолжиме патот без да се задржуваме.

*„ Пазете се од кучињата, пазете се од лошите работници, пазете се од лажно обрезание!“* Филипјани 3:2.

**Хор-Агидгад (Броеви 33:32)** значи: „пештерата Гидгад“. Тоа е место каде што ходочасникот ќе се повлече за да се одмори пред да го продолжи патот (1Цареви 19:9). Тоа е место на повлекување и исцеление (Евреи 11:37-38). Секој ходочасник треба да има своја духовна и физичка пештера или јама (Псалм 91), знаејќи дека најдобриот одмор е Исус Христос (Матеј 11:27-29).

*„ Ти, Кој живееш под покрив на Сѐвишниот, што се одморуваш во сенката на Сѐдржителот, речи му на Господа: „Прибежиште мое! Тврдино моја! Боже мој, на Кого се надевам!“* Псалм 91:1-2.

**Јотвата (Броеви 33:33)** значи „добрина“, „привлечност“, „пријатност“. Ходочасникот излегува од неговиот одмор и издишува пријатен мирис. Тој е полн со духовна привлечност, неговото срце е полно со добрина (Псалм 45:1).

*„ а плодот на Духот се состои во секаква добрина, во праведност и во вистина*!“ Ефесјани 5:9.

**Аврон (Броеви 33:34**) значи „премин“, „пат“. Ходочасникот прима откровение на патот по кој чекори. Тој е убеден дека е на добриот пат, оној на вистината, и останува непоколеблив. Бог му отвара врата која никој не може да ја затвори (Откровение 3:8).

*„ Исус му рече: „Јас Сум Патот, и Вистината, и Животот. Никој не доаѓа при Татко Ми, освен преку Мене.“ Јован* 14:6.

**Ецјон-Гевер (Броеви 33:35)** значи: „’рбетен столб на човек“. На ова место се скршиле бродовите на царот Јосафат бидејќи се здружил со безбожен цар (1Цареви 22:48-49). Тоа е место на кое Бог ги крши делата направени по телото. Господ не сака мешавина, компромис или здружување со лажните браќа. Поради лошо друштво ходочасникот може да изгуби години, енергија и вложени пари во проекти во кои не беше Бог.

**Син (џуџеста палма) или Кадис (Броеви 33:36)** значи: „посветен“, „свет“. Оној кој сака да ја заврши трката мора целосно да го предаде животот на Бог и Неговото Царство (Откровение 22:11), без што нема да може да го види Бог.

*„Стремете се кон мирот со сите и кон светоста, без која никој не може да Го види Господа*,“ (Евреи 12:14).

**Планината Ор (Броеви 33:37)** едноставно значи „планина“. На ова место почина Арон. Тоа е место на болка, на плачење и разделба. Ходочасникот може да ги загуби блиските луѓе. Тој треба да се зајакне во Господ кој е воскресение и живот (1Солунјани 4:13-17).

*„Исус и рече: „Јас Сум Воскресението и Животот; кој верува во Мене - и да умре - ќе живее*.“ Јован 11:25.

**Салмона (Броеви 33:41)** значи „засенет“. Овој збор прави алузија на смртната сенка. Давид вели *„Ако тргнам и низ долината на смртната сенка, нема да се уплашам од злото, зашто Ти си со мене. Твојот жезал и Твојата палка ме утешуваат*.“ (Псалм 23:4). Ходочасникот е секогаш под заштита на Господ и покрај смртните закани (2Коринтјани 1:8-11).

**Пунон (Броеви 33:42**) значи: „темнина“, „мрак“. Ходочасникот е нападнат од темнината која го заслепува, но Исус е Светлината (Јован 8:12). Тој никогаш не треба да учествува во делата на темнината, туку да ги осуди (2Коринтјани 4:2-5; Ефесјани 5:11).

*„ зашто вие сите сте синови на светлината и синови на денот. Не и припаѓаме на ноќта, ниту на темнината;“* 1Солунјани 5:5.

**Овот (Броеви 33:43)** значи „мешина“, „шуплина“, „дух“. Ходочасникот треба секогаш да биде нова мешина во која Бог ќе може да стави ново вино, т.е. Неговиот Дух (Матеј 9:17). Тој треба да внимава на неговиот духовен живот со цел да не стане стара мешина (1Коринтјани 9:27).

*„ А во голем дом има не само златни и сребрени садови туку и дрвени и земјани. Едните се за благородна, а другите за неблагородна употреба. И така, ако некој се очисти од овие, ќе биде сад за чесна употреба, осветен, полезен на домаќинот и приготвен за секое добро дело.“* 2Тимотеј 2:20-21.

**Ије-Аварим (Броеви 33:44)** значи „купишта“, „рушевини на Аварим“. Ходочасникот не треба да се насочи кон овој свет кој е во руини заради гревот и кој е осуден на пропаст.

*„ Кога ќе речат: мир и безбедност, тогаш ненадејно ќе падне погибел на нив, како болка на трудна жена, и не ќе и избегаат.*“ 1Солуњани 5:3.

**Дивон (Броеви 33:45**) значи „преполн“, „солзи“, „река“. Ходочасникот има срце полно со болка и низ неговите очи се слева преполна река со солзи (Еремија 9:1). Оној кој чекори со Бог го поминува времето плачејки заради гревот на луѓето.

*„ и ако го избави праведниот Лот, кого го мачеше развратниот живот на беззакониците, зашто овој праведник, живеејќи меѓу нив, ја измачуваше одденнаден својата праведна душа, гледајќи ги и слушајќи ги нивните беззаконски дела*,“ 2Петар 2:7-8.

**Алмон-Дивлатаим (Броеви 33:46)** значи: „прикривање на две колачи од смоква“. Ходочасникот ќе сретне лицемерни луѓе кои се преправаат дека се христијани (1Самоил 2:12-17; Матеј 23; Римјани 2). Целта на овие луѓе е да ги присвојат приносите на Бог за свои цели (Дела 5:1-11). Всушност и тој самиот ќе биде искушан од ѓаволот да ги украде парите наменети за Божјото дело. Така, за да се продолжи патот со успех, ќе треба да се чува од алчноста и скржавоста.

*„ зашто среброљубието е корен на секакви зла; некои му се предадоа, се отстранија од верата и се прободија себеси со многу болки.*“ 1Тимотеј 6:10.

**Планината Аварим (Броеви 33:47**): Аварим значи „оние кои се преку“. Ходочасникот треба да се служи со примерот на оние кои му претходеле во верата и кои се сега во славата, за да издржи цврсто (Евреи 6:12 и 13:7).

*„ За пример на злострадањата и на долготрпението земете ги, браќа, пророците, кои зборуваа во Господово име.“* Јаков 5:10.

**Моавската рамнина (Броеви 35:1):** Моав значи „произлезен од татко“. Тоа е последната станица пред преминувањето на Јордан и освојувањето на Ханаан. Ходочасникот кампува во раминанта Моав наспроти Ерихон (град на палмите), близу Јордан (оној кој слегува). Откровението на Таткото е последна етапа помината од ходочасникот. Тој е како изгубениот син кој понизно се враќа во куќата на својот Татко (Лука 15:11-32).

*„ Зашто скитавте како овци, но сега се вративте при Пастирот и Чуварот на вашите души.“* 1Петар 2:25.

Пред неколку години, Бог ми даде визија во која се гледав како со многу тешкотии се искачував на планина со стрмни карпи. И многу се израдував кога стигнав до врвот каде ме чекаше Бог. Кога гледав на поминатиот пат, си реков на крај ќе можам да се одморам. Но, Исус на хоризнотот ми покажа други планини и ми рече да се искачам на нив. Изморен заради поминатиот пат, јас одговорив: *„Не Господе, сакам да останам овде“*. Тогаш Бог ми рече: *„Ако ти не дојдеш, јас ќе продплжам без тебе“*.

Бог ми даде да разберам дека христијанското чекорење е како искачување по планина кое се одвива етапа по етапа, чекор по чекор. На секоја етапа христијанинот се среќава со препреки и спротивставувања на кои наидува. Неговиот успех зависи од неговата отпорност и неговата упорност во искушенијата. На секоја помината етапа, тој ќе биде квалификуван и издигнат.

# VII. Божјиот совет

### 1) Да се стави Божјото Слово во пракса

Павле им велеше на старешините од Ефес -*„не пропуштив да ви ја соопштам во целост волјата Божја“* (Дела 20:27). Зборот „волја“, *boule* на грчки , значи „совет“, „цел“, „намера“, „одлука“. Во овој дел волјата означува Божјо Слово или закон. Божјиот совет значи Негова волја и Негови планови. Словото ни ја открива неговата волја и неговите планови за луѓето. Треба да забележиме дека во Дела 2:23,28 се вели дека Исус беше предаден спред Божјата волја , што докажува дека луѓето ја исполниле Божјата волја без да знаат (Ефесјани 1:11).

Сите оние кои го слушаат советот на безбожниците и одат по широкиот пат ја промашуваат целта што Бог ја има за нивните животи. Попрецизно тоа е првото значење на зборот „грев“. Всушност еврејскиот збор *chatta’ah* значи „оној кој ја промашува

целта“. Грчкиот збор *hamartano* што се наоѓа во Римјани 3:23 е уште појасен: *„сите згрешија и лишени се од славата Божја.“* Овој збор значи „да се пропушти знакот“, „талка“, „греши“, „да се пропушти правиот и чесниот пат“, „да се прави лошо“,„да се оддалечиш од Божјиот закон и да се крши тој закон“, „да се греши“. Преводот „не достигнува“ доаѓа од грчкиот збор husterio што значи „позади“, „доаѓа доцна или презадоцнето“, „да биде назад во трката, и така да не може да стигне до целта, да падне пред целта“.

Така, ходочасникот треба да ја запамети поуката од параболата за десетте девојки пренесена од Господ Исус во Матеј 25: петте немудри девојки стигнаа со задоцнување на свадбата бидејќи немаа масло, всушност немаа живот во Духот (Проповедник 9:8). Ходочасникот треба да се обидува по секоја цена да избегнува да падне во грев, бидејќи никојгаш така нема да ја постигне целта. Библијата вели дека Бог го создал секое човечко битие за да исполни добри цели кои Тој ги подготвил однапред (Ефесјани 2:10).

За жал, избирајќи да чекорат по своја волја или по туѓ совет, повеќето луѓе тргнуваат по патот на гибелта и стануваат непријатели на Бога (Колосјани 1:21). Како што видовме претходно, не се само атеистите и обожавателите на лажните божества кои тргнуваат по лошиот пат и го слушаат советот на безбожните. Туку има и група луѓе кои се дел од паганизирано христијанство кои повеќе сакаат да се сообразат со човечките традиции, со она што поучуваат филозофијата и религијата, отколку да слушнат што Бог вели. Тоа може да ве зачуди, но Библијата јасно вели дека тие луѓе се проклети; тоа што ги очекува на крај од патот е рушевина.

*„ вели Господ: проклет да е човекот кој се надева на човек и кој телото го смета за своја крепост и чие срце се одвраќа од Господ. Тој ќе биде како троскот во пустина и нема да види кога ќе дојде доброто, па ќе се насели во топли пустински места, во земја солена и непогодна за живеење.* ***Благословен е човекот кој се надева на Господ, и кому надежта Му е Господ. Затоа што тој ќе биде како дрво посадено крај води, што ги пушта корењата свои покрај потокот; тоа не стравува кога настанува припек; лисјата му се зелени, и во време на суша не се плаши и не престанува да дава плод.***“ Еремија 17:5-8.

***„И така, секој што ги слуша и ги исполнува овие Мои зборови, ќе биде како мудар човек кој си изградил куќа на камен. И заврна дожд и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, но таа не падна, зашто беше изградена на камен****. А секој, што ги слуша овие Мои зборови и не ги исполнува, прилега на глупав човек, кој си изградил куќа на песок. И заврна дожд, и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, и таа падна, а паѓањето ѝ беше страшно.*“ Матеј 7:24-27.

*„Блажен е оној човек, што не оди на советот на безбожниците, не застанува на пат на грешници и не седи во друштво на развратници,* ***тукy му омилел законот Господов и за законот Негов дење и ноќе грижливо размислува; тој е како дрво посадено крај вода изворска, кое својот род го дава навреме, и чиј лист не венее; и во сè што прави, напредува. Но не се такви безбожниците; тие се како прав, што го разнесува ветрот.“*** Псалми 1:1-4.

Обратно, оние кои чекорат според Божјиот совет, т.е кои го слушаат и се покоруваат на Божјото Слово, се слични на:

**-Дрвја кои се засадени покрај река:** Ние видовме дека таа река симболично го претставува Светиот ДУх (Јован 7:38; Откровение 22:2), но исто така и Божјото Слово (Ефесјани 5:26-27). Оној кој го слуша Божјиот совет ги гледа неговите корења како растат се до водните извори, благодарение на кои тој ќе биде се повеќе и повеќе прочистен и зацврстен. Резултат на тоа ќе бидат сите видови добри плодови и добри дела.

-**Куќи на цврсто тло:** Исус е карпата на која е изградена Црквата (Матеј 16:18), духовна карпа која го напојува неговиот народ (1Коринтјани 10:4), и цврста основа на која се изградени апостолите и пророците (1Коринтјани 3:11; Ефесјани 2:20). Оној кој го чува Божјиот совет нема да биде заведен од секоја доктрина и нема да залута на патот на гибелта (Ефесјани 4:14). Напротив, тој ќе биде цврст, непоколеблив и покрај сите бури предизвикани од непријателот за да го дестабилизираат.

Исус Навин разбра дека треба да размислува за книгата на Божјиот закон дење и ноќе и верно да делува според она што е напишано со цел да успее во секој потфат (Исус Навин 1:8). Што се однесува до Давид, тој Словото го споредуваше со светилка која го осветлува неговиот пат.

*„Твоето слово е светилка на мојата нога и светлина на мојата патека“* Псалм 119:105.

*„Во срцето го запазив Твојот збор, за да не згрешам против Тебе.“* Псалм 119:11.

Целиот свет е под власта на темнината и ако ходочасникот сака да остане на патот кој води во живот, мора постојано да ја носи со себе светлината која е Божјото Слово за да избегне да падне во заблуда (2Петар 1:19).

*„Стани, засвети, зашто твојата светлина доаѓа, над тебе блеска Господовата Слава, а еве, темнината ја покрива земјата, и мракот народите! А тебе те осветлува Господ, и Неговата Слава се јавува над тебе. Народите чекорат кон твојата светлина, и царевите кон исток на твојот сјај“* Исаија 60:1-3.

Покрај оваа ламба, тој треба да научи да чекори според Духот и со себе да ја носи специјалната бојна опрема за да се спротивстави на сите напади на ѓаволот.

**2) Чекорење според Духот**

*„А велам: одете во Духот и нема да ги исполнувате страстите на телото“* Галатјани 5:16.

Чекорење според Духот бара целосна покорност на Бог и добра чувствителност на гласот на Духот. Всушност, оној кој е роден од Духот се споредува со ветер: *„Ветерот дува каде што сака, и го слушаш неговиот шум, а не знаеш од каде доаѓа и каде оди. Така е со секој, кој е роден од Дух.”* (Јован 3:8). Ветерот може да смени правец во секој момент, следствено на тоа чекорењето по Дух може да изгледа непредвидливо и нестабилно за телесните личности. Оној кој чекори по Дух не може да биде разбран од луѓето.

И покрај пророштвата дадени од учениците кои го предупредуваа за опасноста што му претстои ако оди во Ерусалим, Павле остана послушен на Божјиот Дух. *„Бидејќи престојувавме таму многу дни, еден пророк, по име Агав, дојде од Јудеја. И кога дојде при нас го зеде Павловиот појас, си ги врза рацете и нозете, и рече: „Светиот Дух го вели ова: ‘Човекот, чиј е овој појас, Јудејците, во Ерусалим, така ќе го врзат и ќе го предадат во рацете на народите’.” Кога го чувме тоа, и ние и тамошните жители го молевме да не оди горе во Ерусалим. Тогаш Павле одговори: „Што правите? Зошто плачете и ми го кинете срцето? Јас сум готов не само да бидам врзан, туку и да умрам во Ерусалим за името на Господа Исуса.” И бидејќи не можевме да наговориме, ние молкнавме и рековме: „Нека биде Господовата волја*!” Дела 21:10-14.

**Телото, непријател на ходочасникот**

Желбите на телото веројатно ќе го оддалечат ходочасникот од неговата цел, т.е. од небото. Чекорењето по Духот бара спротивставување на телото, носејќи го секојдневно својот крст.

*„Кој не го носи својот крст и не оди по Мене, не може да биде Мој ученик“* Лука 14:27.

*„Не знаете ли дека во тркалиштето трчаат сите тркачи, но само еден добива награда! Трчајте така и вие, за да ја добиете! Секој натпреварувач се воздржува од сè; тие, за да добијат распадлив венец, а ние нераспадлив. Затоа јас трчам така, не како кон неизвесно; и се борам така, не како оној, кој го бие ветерот; туку го совладувам своето тело и го правам свој роб, та јас кој им проповедав на другите, да не бидам самиот непожелен.*“ 1Коринтјани 9:24-27.

Похотите на телото или делата што се во телото, Павле ги наброја во посланиеото до Галатјаните 5:19-21:

**Блуд**: сексуални односи пред брак.

**Нечистота**: нечисти мисли, мастурбација, интимни односи со жена за време на менструација.

**Бесрамност**: недостиг на моралност.

**Идолопоклонство**: практикување на лажни религии и окултизам (Јога, трансцедентлна медитација, астрологија, повикување на мртвите....Исаија 8:19). Пошироко, идолопоклонство е кога не може да се лишите од нешто или некого. Така, идол е нешто или некој чиј што си заробеник.

**Маѓии**: овој збор доаѓа од грчкиот „pharmakeia", чијшто корен „pharmakeus" на македонски се преведува како „волшебници", „врачари" или „маѓепсници".

*„А на страшливците и на неверните, и на гнасните и на убијците, и на блудниците и на вражалците, и на идолопоклониците и на сите лажци, нивниот дел им е во езерото, кое гори со оган и сулфур; тоа е втората смрт*." Откровение 21:8.

**Вражање**: клетви, вражалки.

**Омраза:** злоба

**Расправии**: оговарање, лутина.

**Љубомора**: да се сака да се поседува она што другиот го има или да се посакува неговото место, или да се критикуваат другите заради нивната благодат, нивниот имот, нивниот успех, итн...

**Непријателство**: војни, конфликти.

**Кавги**: недостаток да се скроти јазикот (Изреки 21:23).

**Расцепи**: бунтовен дух.

**Секти**: секташтво, расизам, племенска поделба, итн...

**Завист**: да се посакува што другиот поседува (дарови, служби, партнер...) или да се посакува нивното место. Но, исто така неможност да се се ослободиш од некоја работа (цигари...).

**Пијанство**: да се биде завладеан од алкохолот. Тоа е разврат.

**Ненаситност**: булимија. Таа се карактеризира со постојана желба за јадење, без навистина да се чувствува глад. На пример: вие постите, но кога ќе видите храна, вие веднаш го прекинувате.

*„зашто телото копнее против Духот, а Духот против телото; зашто тие се противат еден на друг, за да не го правите она, што сакате. Но, ако Духот ве води не сте под Законот. А делата на телото се познати; тоа се: блудство, нечистота, бесрамност, идолопоклонство, вражање, непријателства, препирка, ревнување, гнев, себичност, раздори, кривоверства; зависти, убиства, пијанства, срамни гозби, и слични на овие, за кои ви зборувам однапред, како што ви реков и порано: дека оние, кои прават такви работи, нема да го наследат Божјото Царство.“* Галатјани 5:17-21.

Против сите овие дела христијанинот треба постојано да се бори. Господ сака христијаните да чекорат по Дух со цел да победат во „надвладувањето на себеси“. Недостигот на себе владеењето води во фрустрација и очај.

### 3) Ставете го бојното оружје

*„Најпосле, јакнете во Господа и во силата на Неговата моќ! Облечете се во сето Божјо оружје, за да можете да им се спротивставите на измамите на ѓаволот. Зашто нашата борба не е против крвта и телото, туку против началствата, против властите, против светските владетели на темнината на овој век: против духовните сили на злото во небесните места. Затоа земете го сето Божјо оружје, за да можете да се браните во лош ден и откако ќе свршите сѐ, да се одржите**! И така, стојте цврсто! Препашани со вистината преку бедрата, облечени во оклопот на правдата, обујте ги нозете со ревноста за Евангелието на мирот**! При сѐ тоа земете го **штитот на верата, со кого ќе можете да ги угаснете сите огнени стрели на нечестивиот**! Земете го и **шлемот на спасението и мечот на Духот - кој е Божјото слово, со секаква просба и молитва, молете се во Духот во секое време, и заради тоа бдејте со сето постојанство и со молба** за сите свети и за мене, да ми се даде слово кога ќе ја отворам устата, за да можам да ја соопштувам смело тајната на Евангелието, за кое сум пратеник во окови: за да зборувам смело како што и треба да зборувам.“* Ефесјани 6:10-20.

Оној кој сака да чекори со Бог мора да стане свесен дека се ангажирал во војна, затоа што ѓаволот му објавил војна (Откровение 22:12). Не станува збор за телесен противник, туку духовен; значи војната не е телесна, туку духовна. Значи треба да се бие добра битка со духовното оружје, избегнувајќи ги телесните битки кои носат разонода (Неемија 4; 1Коринтјани 9:26).

-**Појасот на вистината**: Ѓаволот е татко на лагата (Јован 8:44), и следствено од него потекнуваат сите лажни и заведувачки доктрини кои заблудуваат многу луѓе. Појасот е лента од кожа или материјал која се замотува околу половината за да се зацврсти облеката. Со смртта на крстот, Христос ги замени нашите алишта валкани од гревот (Исаија 64:5) со алишта на праведноста (1Коринтјани 6:11; Откровение 19:8). За нашата голотија да не се открие повеќе, облеката на праведноста треба да ја држи појасот на вистината. Ходочасникот треба секогаш да ја кажува вистината и секогаш да заземе страна за вистината која е Исус Христос самиот (Јован 14:6). Ова заземање на страна ќе му предизвика дополнителни борби, но тоа е единствен начин да остане праведен пред Бог. *„Кој победува, ќе се облече така во бели облеки и нема да го избришам неговото име од книгата на животот, но ќе го признаам неговото име пред Мојот Татко и пред Неговите ангели.“* Откровение 3:5.

-**Оклопот на праведноста:** Многу повеќе од обична облека, оклопот е направен од едно или повеќе метални парчиња или друг цврст материјал, кој го заштитува телото од вратот до стомакот. Меѓу другото, оклопот го заштитува срцето, витален орган, кој треба да го чуваме над сè, бидејќи од него потекуваат изворите на животот (Изреки 4:23). Исус рече дека повеќе работи може да го извалкаат човечкото срце и да го направат подложно за напад на непријателот: *„Зашто од срцето произлегуваат: зли мисли, убиства, прељуби, блудства, кражби, лажни сведоштва, хули.“* (Матеј 15:19). Исто така, апостол Павле не повикува да не дозволуваме овие работи да се вселат во нашите срца: *„Секое огорчение, и јарост, и гнев, и викање и хулење, да бидат отстранети од вас, со секаква злоба.“* (Ефесјани 4:31). Сите овие лоши чувства и лоши мисли треба одлучно да ги одбиете во името на Исус Христос. Ходочасникот треба да остане господар на своите чувства и емоции.

-**Нозе обуени во подготвеност за Евангелието на мирот**: Она што треба да ги управува чекорите на ходочасникот е Евангелието, т.е Божјото Слово, бидејќи тоа го осветлува нашиот пат кон Божјото Царство. Иако напаѓан заради вистината, ходочасникот кој останува чесен и верен на Божјиот совет ќе има мир кој го надминува разумот (Филипјани 4:7). Без обувките, ходочасникот нема да може никогаш да ја достигне целта, бидејќи тој постојано ќе биде гризан од змии и скорпии (Лука 10: 19).

-**Штитот на верата**: Штитот е одбранбено оружје кое се носи во рака и служи за заштита од удари и стрели (од грчки belos: „проектил“, „стрела“, „копје“). Стрелите на непријателот се „огнени“, тие се предвидени да не прободат и запалат, т.е определени од ѓаволот да не уништи! Верата доаѓа за да го комплетира оклопот на праведноста. *„И така, верата доаѓа од слушањето, а слушањето од Христовото слово.“* (Римјани 10:17) вели апостол Павле. Верата се развива кога ходочасникот во интимност го бара

Божјиот совет. Откако бил просветлен, советуван, насочен од Бог, тој ќе може да го продолжи патот со увереност (Евреи 11:1).

-**Шлемот на спасението**: Шлемот е дел од одбранбена опрема која ја штити главата, центар за размислување и резонирање. Како што видовме на самиот почеток, анималниот човек нема Христова мисла, додека телесниот човек, иако ја познава не ја зема во предвид. Духовниот човек кој чекори по Божјиот совет, ја знае Христовата мисла и по неа се управува. *„зашто оружјето на нашето војување не е телесно, туку е силно во Бога за разурнување на тврдини, па ги рушиме мудрувањата; и секое превознесување што се крева против познавањето на Бога; и ја поробуваме секоја мисла за послушност на Христа“* 2Коринтјани 10:4-5.

Филозофиите, религијата и традициите подигнале во умот на луѓето вистински ѕидини против познавањето на Христос. Шлемот на спасението има за цел да го заштити ходочасникот од нивното штетно влијание и да ги зачува мислите свтрени кон Исус и Неговото царство (1Коринтјани 2:2; Евреи 11:13-16 и 12:1-2).

-**Мечот на Духот, Божјото Слово**: Единствено оружје за напад, сепак неверојатно ефикасно.

*„Зашто Божјото Слово е живо, и делотворно, и поостро од секој меч остар од двете страни, и навлегува до разделувањето на душата и духот, на зглобовите и на мозокот; и ги суди мислите и намерите на срцето, и нема создание кое е невидливо пред Него; туку сè е голо и откриено пред очите на Оној, пред Кого ние ќе дадеме сметка*.“ Евреи 4:12-13.

Кога ходочасникот го користи Божјото Слово додека е просветлен од Божјиот Дух, тој може да ги препознае плановите на непријателот и да ги осуети. Ѓаволот не може да излаже некој кој го знае Словото и кој останува послушен на Божјиот совет. Исто така, неговите служители, лажните пророци, не можат никогаш да опстојат во случај на судир.

*„зашто Јас ќе ви дадам уста и мудрост, на која не ќе можат да и се спротиват и да и противречат сите ваши непријатели.“* Лука 21:15.

-**Молитва направена од Духот:** Водството од Божјиот Дух прави разлика дали една молитва ќе биде услишена или не. Всушност, Светиот Дух го насочува ходочасникот да моли според Божјата волја, т.е  во согласност со планот што Бог го има за нас (Римјани 8:26-27; 1Јован 5:14). Молитвата е размена, во тој привилегиран момент ходочасникот ќе биде осилен во Божјото присуство и прима точни насоки кои му помагаат во исчекувањето на целите кои му се дадени.

*„Бдејте и молете се, за да не паднете во искушение! Духот е бодар, но телото е слабо*!" Матеј 26:41.

Исто така, молитвата му помага на ходочасникот да ја достигне целта додека истовремено се спротивставува на гревот, религијата и на телото. Тој треба за пример да ги земе Илија и Павле кои се соочиле со борби затоа што беа луѓе на молитва.

*„Тесвиецот Илија, од Галадската Тесва, му рече на Ахава: „Живиот ми Господ, Израелевиот Бог, Кому Му служам, во овие години ќе нема ни роса ни дожд, освен по моја заповед."* 1Цареви 17:1.

Така Илија можеше да се соочи со Ахав затоа што стоеше пред Бог.

Што се однесува до Павле, неговиот живот на пост и молитва му овозможил да опстои пред сите напади на непријателот.

*„Често патував: бев во опасности од реки, во опасности од разбојници, во опасности од сонародници, во опасности од народи; во опасности во град, во опасности во пустина, во опасности по море, во опасност меѓу лажни браќа, во труд и тешкотија, многупати во неспиење, во глад и жед, во многу постење, на студ и во голота*" 2Коринтјани 11:26-27.

Ходочасникот мора да внимава на одвлекувањата и правилно да управува со времето. Како што Словото вели дека дните се лукави. (Ефесјани 5:16).

Ќе разберете, оружјето на ходочасникот е едноставно посветувањето без кое не е можно да се види Бог (Евреи 12:14).

**4) Да се заборави минатото**

Да го земеме како пример шоферот кој го вози неговиот автомобил. Ако тој постојано гледа на ретровизорот назад, нема да може да ги види препреките што се појавуваат пред него на патот. Тогаш тој станува опасност за самиот себе и за другите. Оној кој сака да ја достигне неговата цел никогаш не треба да гледа назад.

*„ Но сепак правам едно: го заборавам она што е зад мене, а се стремам кон она што е пред мене; трчам кон целта: за наградата на горното призвание од Бога во Христа Исуса*." Филипјани 3:14.

Ходочасникот не треба да се насочи кон следните работи:

**-Грешките**

Грешките од минатото треба да ни овозможат добро да се согледа иднината. Никогаш не треба да ни биде мака заради нашето минато.

**-Работите од овој свет**

Жената на Лот толку го сакаше светот што застана во одењето за да погледне назад и се претвори во статуа од сол (Битие 19:26).

**-Повреди и разочарувања**

Многу луѓе имаат проблем да одат напред заради повреди и разочарувања. Тие се затвараат во тишината, во депресија, во параноја или делириум. Една личност чие срце или душа не се исцелени може да направи многу штета.

## Примери од ходочасници кои добро го завршиле патот

Ходочасникот е опкружен со голем број сведоци кои успешно ја завршиле трката. Значи тој има примери да ги имитира кои му овозможуваат да го заврши патот како победник.

*„ Затоа и ние, имајќи околу себе толкав облак сведоци, да ги положиме настрана: секое бреме и гревот кој нѐ сплеткува лесно и да трчаме со трпение на трката што ни е поставена пред нас“* Евреи 12:1.

**Енох**

Овој човек не изгони ниту еден демон, ниту направи чудо. Но, тој имаше вера, плод на Духот и чекореше 300 години со Бог и беше земен на небото. *„ **Преку вера** Енох беше пренесен така, да не ја види смртта, и веќе не се најде, зашто Бог го зеде; зашто, пред неговото земање, **тој доби сведоштво дека Му угодил на Бога**.“* Евреи 11:5.

**Јосиф**

Овој човек немаше дар на чудеса, тој не лекуваше болни но имаше плодови на Духот. Тој стана управник на Египет, втор човек во таа голема земја. Тој доби царска наметка што никој не може да му ја земе или украде. Затоа, тој требаше да ја изгуби наметката од својот земен татко, за во прикладно време да ја прими наметката од неговиот небесен Татко. Мудроста што ја стекна во пустината му овозможи да ги спаси египќаните и неговото семејство од глад. Забележете дека на крај тој беше способен да им прости на браќата за злото што му го нанесоа бидејќи сфати дека сите овие работи содејствуваат за негово добро бидејќи го сака Бог (Римјани 8:28).

**Даниел**

Овој човек полн со мудрост и интелигенција беше полн со плодовите на Духот. Даниел немаше примено дар да прави чуда, ниту да зборува на јазици. Но, тој ги одби јадењата и виното од царот и му служеше на Бог до крајот на својот живот (Даниел 1).

**Павле**

Овој Божји човек беше заљубен во Господ Исус Христос. И покрај извонредните чуда што Бог ги правеше преку него (Дела 20), тој остана верен на својот Господар. Тој се соочи со сите видови опасност заради неговата љубов кон Бог. И на крајот на неговиот живот, тој објави „ *Извојував добра борба,* ***го завршив трчањето****, ја запазив верата*.“ 2Тимотеј 4:7.

## Награди ветени за победниците

Во повеќе наврати во Писмото Бог ветува дека ќе ги награди оние кои ќе ја завршат трката и ќе ја зачуваат верата.

„*Оној,* ***кому ќе му остане тоа што го градел, ќе прими награда;*** *а оној чие дело ќе изгори, тој ќе претрпи загуба, но самиот ќе се спаси, но така, како низ оган*.“ (1Коринтјани 3:14-15).

Еве што Господ ветил:

**Дрво на животот, вечен живот:**

„*Кој има уво, нека чуе, што им говори Духот на црквите: „На оној, кој победува, ќе му дадам да јаде од дрвото на животот, кое што е среде Божјиот рај*!” Откровение 2:7.

**Нема втора смрт:**

„*Кој има уво, нека чуе, што им говори Духот на црквите: „ На оној кој победува - втората смрт нема да му нанесе штета*.” Откровение 2:11.

**Сокриена мана, бел камен и ново име:**

„*Кој има уво, нека чуе, што им зборува Духот на црквите: „На оној, кој победува, ќе му дадам од скриената мана, ќе му дадам и бел камен и на каменот напишано ново име, што никој не го знае, освен оној, кој го добива*.” Откровение 2:17.

**Авторитет да владее над народите со железна палка, ѕвезда деница (Исус):**

*„И на оној, кој победува, и ги пази Моите дела до крај, нему ќе му дадам власт над народите, и ќе ги пасе со железна палка; и тие ќе се строшат како глинени садови; како што и Јас примив од Мојот Татко. И ќе му ја дадам ѕвездата Деница.“* Откровение 2:26-28. Види Матеј 25:14-30.

**Победникот ќе биде облечен во бела облека, неговото име нема никогаш да биде избришано од книгата на животот, туку ќе биде признаено пред Таткото и Неговите ангели:**

*„Кој победува, ќе се облече така во бели облеки и нема да го избришам неговото име од книгата на животот, но ќе го признаам неговото име пред Мојот Татко и пред Неговите ангели.“* Откровение 3:5.

**Победникот ќе биде столб во Божјиот храм, на неговото чело ќе биде името Божјо, на Исус и на новиот Ерусалим:**

*„Оној, кој победува ќе го направам столб во храмот на Мојот Бог и нема веќе да излезе надвор и на него ќе го напишам името на Мојот Бог и името на градот на Мојот Бог - Новиот Ерусалим, кој слегува од небото, од Мојот Бог; и Моето ново име.“* Откровение 3:12.

**Победникот ќе седне на престолот на Таткото:**

*„На оној, кој победува, ќе му дадам да седне со Мене на Мојот престол, како што и Јас победив и седнав со Мојот Татко на Неговиот престол.“* Откровение 3:21.

**Победникот ќе добие венец ако ги почитувал правилата поставени од Бог:**

*„Отсега натаму ми е подготвен венецот на правдата, што ќе ми го даде во оној Ден Господ, Праведниот Судија, и не само мене, туку и на сите, кои го возљубија Неговото јавување.“* 2Тимотеј 4:8.

*„Исто така, ако некој се натпреварува, не добива венец ако не се натпреварува прописно.“* 2Тимотеј 2:5.

**-Венец на праведност (2Тимотеј 4:8):** Ходочасникот мора да биде праведен во текот на целиот свој живот.

**-Венец на слава: (1Петар 5:1-4):** Ходочасникот кој е скршен од страдањата во текот на целиот живот ќе биде прославен (2Коринтјани 4:16-18).

**-Венец на живот (Јаков 1:12 и Откровение 2:10):** Ходочасникот на кого смртта и болестите му се познати ќе прими венец на животот.

Сите овие венци се нераспадливи (1Коринтјани 9:25). Победниците ќе светат како ѕвезди на небото (Даниел 12:2-3).

Сите овие награди треба да му овозможат на Ходочасникот да не се обесхрабри заради искушенијата (Евреи 10:35-39).

**Заклучок**

*„ Не знаете ли дека во тркалиштето трчаат сите тркачи, но само еден добива награда! Трчајте така и вие, за да ја добиете! Секој натпреварувач се воздржува од сѐ; тие, за да добијат распадлив венец, а ние нераспадлив. Затоа јас трчам така, не како кон неизвесно; и се борам така, не како оној, кој го бие ветерот; туку го совладувам своето тело и го правам свој роб, та јас кој им проповедав на другите, да не бидам самиот непожелен.“* 1Коринтјани 9:24-27.

*„ Никој, кој е во воена служба, не се заплетува во работите на овој живот, за да му угоди на оној кој го повикал во војската. Исто така, ако некој се натпреварува, не добива венец ако не се натпреварува прописно.“* 2Тимотеј 2:4-5.

Христијанското чекорење е слично на трка на крајот на која има големи награди за победниците. Атлетите од овој свет трчаат за да освојат распадливи венци ( пари, чест, слава...). За да ја достигнат таа цел тие дење и ноќе си наметнуваат строга дисциплина од диети, апстиненција, секојдневни тренинзи... Ако овие луѓе си наметнуваат така строги правила за да придобијат богатство и минлива слава, колку повеќе треба христијанинот да го прави истото? Бидејќи ние не трчаме по распадлив венец, туку за нашиот живот. Нашата вечност е во игра.

*„ Блажен е човекот, кој поднесува искушение, зашто кога ќе биде испитан, ќе прими венец на живот, што Бог им го ветил на оние, кои Го љубат.“* Јаков 1:12.

За да ја истрча трката, апостолот Павле го истоштуваше неговото тело. Грчкиот збор за истоштува во 1Коринтјани 9:27 е hupopiazo; значи „удира ‘црно и сино’, удира за да остави траги и модринки, како боксер кој го тренира телото и го третира грубо и го дисциплинира со лишување.“ Очигледно е дека не станува збор да си наметнеш физички повреди како што прават некои католички аскети, да не заборавиме дека борбата е духовна. Тука станува збор за целосно откажување од себе, од светот и неговите страсти.

*„ Зашто, ова е Божјата волја, вашето осветување, да се воздржувате од блудство, секој од вас да знае да го држи својот сад во светост и чест, не во похотна страст, како народите кои не Го познаваат Бога*;“ 1Солунјани 4:3-5.

Станува збор да се живее посветеност без половичност, ниту компромис и да се прифати да се следи Христос по патот кој ни го покажува носејќи го нашиот крст. Ние не се посветуваме само за себе, но исто така со надеж за спасение на оние кои ни се драги (Јован 17:19): семејството, пријателите, соседите, колегите...

*„ И правете го тоа затоа што го знаете времето во кое сме, зашто е веќе време да се разбудите од сонот; зашто сега спасението ни е поблизу, отколку кога поверувавме. Ноќта помина, а денот наближи. Затоа да ги отфрлиме делата на темнината, а да се облечеме во оружјето на светлината! Да одиме пристојно како дење, не во гозби и пијанки, не во блуд и страстољубие, не во препирки и зависти, туку облечете се во нашиот Господ Исус Христос, и не мислете како да ги задоволите похотите на телото*.“ Римјани 13:11-14.

*„ Затоа се вели: „Стани, ти кој спиеш, воскресни од мртвите, и Христос ќе те осветли!” И така, внимавајте грижливо како живеете! Не како немудри, туку како мудри; искупувајте го времето, зашто дните се зли! Затоа не бидете неразумни, туку разберете што е Господова волја!“* Ефесјани 5:14-17.

Ниту една трка, ниту една борба не беа освоени без жртва, со живот во прејадување и препивање во рассеаност и заспаност. Да се разбудиме, затоа што дните се лоши. Да прифатиме да ја платиме цената, да биеме добра битка. Да стоиме цврсто, бидејќи Господ оди со нас и се бори за нас.

Уште малку и ние ќе ја имаме нашата награда. Страдањата од сегашното време не се споредливи со славата која не чека (Римјани 8:18). Нека нашите две нозе останат на правиот пат и покрај прогонствата (Евреи  12:13).

„ ***А ти оди си и одмори се; ќе станеш да го примиш своето наследство на крајот на деновите***.” Даниел 12:13.

Шора Куету